| четврток | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 6 | 13 | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 16 |
| петок | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 7 | 14 | 21 | 28 | | 4 | 11 | 18 | 25 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 18 |
| вкупно денови | | | 21 | | | | | 19 | | | | | 22 | | | | | 21 | | | 83 |

| СЕДМИЦА | 21. | 22. | 23. | 24. | 25. | 26. | 27. | 28. | 29. | 30. | 31. | 32. | 33. | 34. | 35. | 36 | 37. | 38. | 39. | 40. | 41. | 42. | 43. | 44. | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2016-2017 | | | | | | | | | | | | II полугодие | | | | | | | | | | | | | |
| работни денови | | јануари | | | | февруари | | | | | март | | | | април | | | | | мај | | | јуни | | ВК |
| понеделник | | 23 | 30 | | 6 | 13 | 20 | 27 | | 6 | 13 | 20 | 27 | 3 | 10 | 17 | 24 | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | | 5 | 18 |
| вторник | | 24 | 31 | | 7 | 14 | 21 | 28 | | 7 | 14 | 21 | 28 | 4 | 11 | 18 | 25 | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | | 6 | 20 |
| среда | 18 | 25 | | 1 | 8 | 15 | 22 | | 1 | 8 | 15 | 22 | 29 | 5 | 12 | 19 | 26 | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | | 7 | 20 |
| четврток | 19 | 26 | | 2 | 9 | 16 | 23 | | 2 | 9 | 16 | 23 | 30 | 6 | 13 | 20 | 27 | 4 | 11 | 18 | 25 | | 1 | 8 | 20 |
| петок | 20 | 27 | | 3 | 10 | 17 | 24 | | 3 | 10 | 17 | 24 | 31 | 7 | 14 | 21 | 28 | 5 | 12 | 19 | 26 | | 2 | 9 | 19 |
| вкупно денови | | 9 | | | | 20 | | | | | 23 | | | | 18 | | | | | 21 | | | 6 | | 97 |

**За сите граѓани на РМ**
8 Септември (четврток) Ден на независноста на РМ
11 Октомври(вторник) Ден на народното востание
23 Октомври (недела) Ден на Македонската Револуционерна Борба - неработен ден понеделник
8 Декември (четврток) „Св. Климент Охридски“
1 Мај (понеделник) Ден на трудот - Понеделник неработен ден
17 Април (понеделник) Втор ден Велигден
24 Мај (среда) „Св. Кирил и Методиј“

**За граѓаните од православната вероисповест**
19 Јануари (четврток) Богојавление (Водици)
14 Април (петок) Велики Петок, петок пред Велигден
2 Јуни ( петок)- Духовден

| | |
|---|---|
| понеделник | 34 |
| вторник | 36 |
| среда | 37 |
| четврток | 36 |
| петок | 37 |
| ВКУПНО | 180 |

| ЕКОЛОШКИ КАЛЕНДАР | |
|---|---|
| **16-ти септември** | - Светски ден за заштита на озонската обвивка |
| **22 –ри септември** | - Меѓународен ден без автомобили |
| **2- ри октомври** | **- Ден на акција на еко-училиштата** |
| **8 - ми октомври** | **- Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата** |
| **15  - тиоктомври** | - Меѓународен ден на пешаците |
| **16 - ти октомври** | - Меѓународен ден на храната |
| **5 - ти март** | **- Светски ден за заштеда на енергија** |
| **2 ри март** | **- Светски ден за заштеда на водите** |
| **7 - ми април** | **- Светски ден на здравјето** |
| **9 - ти април** | **- Ден на акција на еко-училиштата** |
| **22- ри април** | **-  Светски ден на планетата** |
| **15 - ти мај** | -  Светски ден за заштита на климата |
| **31 - ви мај** | - Светски ден против пушењето |
| **5 - ти јуни** | **- Светски ден за заштита на животната средина** |

Предвидените екоактивности од календарот како и тековните во учебната 2016/2017 година  ќе се реализираат со активно учество на учениците и наставниците. Пред одржувањето на истите и по нивната реализација наставниците ги запознаваат и информираат учениците со целите и исходите и за што се тие применливи во секојдевниот живот, со цел да се постигне ефект од целокупната активност. Дел од активностите ќе се реализираат во соработка со одередни институции.

# 9. НАСТАВА

Во една учебна година наставата во основното училиште трае 180 работни дена. За да се постигне овој број на работни денови Годишната програма на училиштето е распределена на три тримесечија и тоа првото тримесечие трае од 1 ви семптември до 30 - ти ноември. Второто од 1 -ви декември до 15 – ти март и третото од 16 ти март до 10 - ти јуни.

Наставата во нашето училиште се реализира според наставниот план и програма за деветгодишно основно образование. Таа ни овозможува остварување на основните образовни и воспитни принципи во училиштето како и спроведување на законските норми и принципи.

## Вид на настава

Во училиштето се реализираат следните видови настава: задолжителна, изборна, дополнителна и додатна настава. Секој вид настава се реализира според претходно изработена програма од страна на наставниците, а во согласнот со наставните планови и програми изработени од страна на МОН и БРО.

Исто така во училиштето се изработуваат и реализираат индивидуализирани програми за работа со надарени и талентирани ученици, индивидуализирани програми за ученици со посебни образовни потреби, употреба на ИКТ во наставата.

Поврзувањето на еколошката програма со редовната настава е приложена како анекс на Годишната програма на училиштето.

## *Организација на задолжителна настава*

- По правило наставата е организирана пет дена во неделата, а часовите траат 40 минути. Наставата е организирана во две смени предпладне и попладне. Почетокот на првата смена е во 7 часот и 30 минути ,а втроата смена започнува од 13 часот и 30 минути.Во училиштето наставата од I-V одд се изведува во класични училници, а наставата од VI – IX одд, се изведува по кабинети опремени за соодветниот предметот.Исто така наставниците реализираат настава и во училишната медијатека која е опремена со Смарт табла и видео - бим.Часовите по физичко и здрвастено образование се реализираат во две фискултурни сали: една за предметна настава и една за одделенска, како и на спортските терени во дворот на училиштето.
- Со наставниот план и наставните програми на основното училиште одредени се задолжителните предмети, нивниот распоред по одделенија, неделниот и годишниот фонд на часовите за учениците. Таа се организира по следните предмети:

1. *Македонски јазик ( I - IX )*
2. *Математика ( I – IX )*
3. *Англиски јазик ( I – IX )*
4. *Географија ( VII - IX )*
5. *Историја ( VI - IX)*
6. *Биологија ( VII – IX )*
7. *Хемија ( VIII, IX )*
8. *Физика ( VIII, IX )*
9. *Етика (VII)*
10. *Информатика ( VI, VII )*
11. *Техничко образование (V , VI )*
12. *Општество ( I – V )*
13. *Природни науки – ( I – V)*
14. *Природни науки и техника ( VI )*
15. *Граѓанско образование (VIII, IX)*
16. *Музичко образование ( I – IX )*
17. *Физичко и здравствено образование ( I – IX )*
18. *Ликовно образование ( I – IX )*
19. *Работа со компјутери и основи на програмирање(III,IV)*
20. *Образование за животни вештини ( I – IX ).*
    (исклучок има во прво одделение, каде овие часови се реализираат во состав на редовните часови)

Сите набroени елементи се содржат во наставниот план,како и во објаснувањата за неговата примена.Поконкретно дидактичките насоки за наставата се разработени во наставните програми по одделни предмети и подрачја и истите се дадени на страната на БРО – www.bro.gov.mk

- Задолжителен странски јазик е англискиот,а како втор задолжителен јазик покрај германскиот е понуден и францускот јазик.
- Поделбата на класно раководство е дадена во табелата што следува, а поделба на часови ќе следува дополнително:

| Класно раководство | **Одделенска настава:**<br>I одделение 5 наставника<br>II одделение 5 наставника<br>III одделение 5 наставника<br>IV одделение 5 наставника<br>V одделение 5 наставника<br>I-V одделение 4 наставника во престој<br><br>**Предметна настава:**<br>VI одделение 5 одделенски ракодители и предметните наставници<br>VII одделение 5 одделенски ракодители и предметните наставници<br>VIII одделение 5 одделенски ракодители и предметните наставници<br>IX одделение 5 одделенски ракодители и предметните наставници |
|---|---|

- Распоред на часови и распоред на дополнителна и додатна настава

## *Изборна настава*

Изборните предмети што ги нуди училиштето, а кои се привлечни и го интересираат ученикот може да ги избира уште од трето , а по правило од четврто одделение. Ако се случи да нема доволен интерес за одреден предмет што го сака ученикот тогаш може да се определи за оној предмет за којшто се пријавени најмалку 15 ученика.[1]

Истите се наменети за усвојување и надградување на знаењата.во одредени подрачја,збогатување и систематизирање на искуството,за поврзување на теоретските знаења со практичните активности како и за откривање на интересите на учениците за професиите и занимањата.

Изборна настава во нашето училиште се организира по следните предмети:

| ИЗБОРНИ ПРЕДМЕТИ | ПАРАЛЕЛКИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
| **Работа со компјутери** | | | 1 | | | | |
| **Творештво** | | 5 | 4 | | | | |
| **Етика на религии** | | | | 5 | | | |
| **Класична култура на европската цивилизација** | | | | 5 | | | |
| **Француски јазик** | | | | 1 | 1 | | |
| **Германски јазик** | | | | 5 | | | |
| **Проекти од ликовната уметност** | | | | | 1 | 4 | |
| **Проекти по техничко образование** | | | | | | | |
| **Проекти од музичка уметност** | | | | | | | |
| **Проекти од информатика** | | | | | | 1 | 3 |
| **Програмирање** | | | | | | | 3 |
| **Вештини на живеење** | | | | | 3 | | |

Во III, IV и V одделение учениците по желба избираат втор изборен предмет помеѓу влашкиот, ромскиот и бошњачкиот јазик.[2]

[1] Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование

[2] Учениците припадници на влашката ромската и бошњачката заедница во согласнот со родителите можат да го изучуваат влашкиот ,ромскиот или бошњачкиот јазик и култура.Учениците кои ќе изберат еден од овие предмети го изучуваат континуирано.Учениците доколку се определат да го изучуваат овај предмет , го изучуваат секогаш како втор ,односно трет изборен предмет.

## Зголемување и подобрување на ефикасноста на учењето

Конкретни цели кои се планираат за зголемување и подобрување на ефикасноста на учењето се: ефективни форми и методи на организација на наставата усогласени со наставните планови и програми.

**Задачи:**

- Примена на соодветни форми и методи за зголемување на критичкото размислување кај учениците;
- Зголемен фонд на извори на информации во учењето од страна на наставниците;
- Развивање на соодветни форми на проблемско- предметна настава.

**Активности (дејствија):**

- Работилница за проектно - проблемска настава за наставниците;
- Имплементација на проектно- проблемските активности во наставните планови и програми.

## Поттикнување на позитивни ставови кон учењето и надвор од наставата

Конкретни цели кои се планираат за поттикнување на позитивни ставови кон учењето и надвор од наставата се оорганизирање на настава во природа.

**Задачи:**

- Изградба на екоучилници во природа;
- Планирање активности по Стручни активи во екоучилницата;
- Минатата учебна година беше изградена и опремена екоучилницата, се реализираа часови и доста активности, а **активности** кои се планираат да се реализираат оваа учебна година се:
- Изградба на втора екоучилница;
- Планирање и реализација на активности во истата;
- Проширување на екоактивностите и вклучување на учениците во истите.

## Дополнителна настава

Дополнителната настава според Законот, им овозможува на оние учениците кои заостануваат по одредени наставни содржини или имаат потешкотии со учењето по одделни наставни предмети, дополнително да ги совладаат истите содржини кои се изучуваат паралелно со редовните предмети.

Оваа настава се планира и организира во текот на целата наставна година и е застапена со вкупно 72 часа годишно, во предметна настава и во одделенска настава. За истата наставниците подготвуваат годишно планрање и предлагаат термин во седмицата за реализација.

Во текот на учебната година по квартали поднесуваат извештај за реализацијата. Педагошко-психолошката служба после секое тримесечие по предлог на преметниот наставник, на огласна табла за наставниците, истакнуваат списоци на

ученици што треба да посетуваат дополнителна настава поради кординација помеѓу наставниците за опфатот на учениците.

За опфатените ученици наставниците водат портфолио за напредокот, кога се вклучени и кога се исклучени. За реализацијата на дополнителната настава на ниво на училиште се подготвуваат извештаи по тримесечија како и на крајот од првото и второто полугодие од страна на училишниот педагог. Во прилог на подобрување на квалитетот на дополнителната настава во текот на учебната година се врши посета на истата од страна на училишниот педагог и директорот.

## АКТИВНОСТИ НА НИВО НА УЧИЛИШТЕ ЗА ПОУСПЕШНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА:

| СПИСОК НА УЧЕНИЦИ ОПФАТЕНИ СО ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА | ОДД. | НАСТАВНИ ПРЕДМЕТИ ВО КОИ ЗАОСТАНУВА УЧЕНИКОТ | ВКЛУЧЕНИ | ИСКЛУЧЕНИ | СОРАБОТКА | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

## ВРЕМЕНСКА РАМКА, АКТИВНОСТИ И СОРАБОТНИЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА:

| ВРЕМЕ | ЦЕЛНА ГРУПА | ФОРМА | ИНСТРУ-МЕНТИ | ПОСЕТА НА ЧАСОВ ЗА ДОП. НАС. | СОРАБОТ-НИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **септември** | IV-IX одд. | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд.рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **октомври** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **ноември** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **декември** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **јануари-февруари** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **март** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **април** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **мај** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на доп. нас. | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |

ППС : Никола Крстевски

## ДОДАТНА НАСТАВА

Додатната  настава според Законот се организира за ученици кои се истакнуваат со особени знаења, умеења и интереси во усвојувањето на наставните содржини од наставните предмети, односно за оние ученици кои можат побрзо да напредуваат во знаењата од соодветната научна област, кои можат да дадат повеќе од она што го нуди редовната настава. Станува збор за талентирани и надпросечни ученици на кои треба да им се овозможат оптимални услови и полн развој на изразените интереси и способности. Забрзаното напредување може да се постигне со редовна и добро испланирана организација на часовите од додатната настава, како и редовното присуство на истите од страна на учениците. Оваа настава се планира и организира во текот на целата наставна година, паралелно со редовната настава и е застапена со 36 часа годишно во предметна настава од страна на секој наставник, а во одделенска настава наставниците се обврзани да реализираат вкупно 72 часа дополнителна и додатна настава. Поточно, во одделенските книги од секоја паралелка во предметна настава треба да се реализираат по два часа неделен фонд.

| | |
|---|---|
| **Компетентноста на наставникот за препознавање на талентираните ученици при формирање на групата за додатна настава се однесува на можноста да ги препознае особините на учениците и нивните потреби, како и да го зголеми обемот на сопствена подготовка за работа со истите на часовите за додатна настава**. | - Препознавање на надарените;<br><br>- Знаење за природата и потребите на надарените;<br><br>- Искористување на податоците од идентификацијата во планирање на индивидуалната програма за надарените;<br><br>- Познавање на соодветни програмски модели за нивна поддршка;<br><br>Знаење и вештини во користење на групната динамика;<br><br>- Интерес и обврски за постојано развивање на сопствената ефективност;<br><br>-Познавање на законите и правните норми поврзани со грижата на надарените;<br><br>- Знаење и вештина за советување на надарените ученици;<br><br>- Знаење за современите трендови и извори на воспитување и образование на надарените. |

| ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Идентификување на надарените ученици вклучени во редовна настава** | -Тестирање на учениците со тест на интелигенција и нивно селектирање (Равенови матрици) | -психолог | септември октомври | -Запазување на законските регулативи со кои секоја паралелка треба да реализира по два часа додатна настава седмично<br>-Потребен е за распределување на учениците кои ја посетуваат |
| | Анализа на резултатите од тестирањето и изработка на извештај | -психолог | октомври ноември | |
| **Спроведување анкета за интересот за посета на додатната настава по наставни предмети** | - Корекција на постојната анкета, спроведување на анкетата како и формирање на групите | -Стручна служба<br>-одговорни наставници | септември | - Спроведување на законската регулатива<br>- Увид во интересот на учениците |
| **Идентификување на креативното мислење кај талентираните ученици** | -Тестирање на учениците со тест на креативно мислење- цртање ТЦТ-ДП Клаус К. Урбан и Ханс Г. Јелен | -психолог | септември октомври | - Спроведување на научни постапки за идентификување на талентот |
| **Поседување документи за правилно и научно идентификување на талентираните и надарени ученици** | -Прашалник за наставниците (Ренцули) | -психолог<br>-наставници | септември | - Тестирањето на креативноста на учениците преку мислење на наставниците со стандардизирани критериуми за идентификација на надарените и талентирани ученици |
| **Формирање на групите за додатна настава со користење на податоците добиени од спроведените инструменти за идентификација** | -Состаноци на стручни активи и презентирање на резултатите за откривање на талентите на учениците и правилно формирање | -Психолошко-педагошка служба<br>-одделенски раководители -наставници | октомври | -Часовите од додатна настава наставниците ги спроведуваат за меѓуученички натпревари, како и подготовка на учениците за учество на престојните организирани натпревари преку индивидуализирана форма за работа. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подобро запознавање со видот на талентираност и следење на развојот на талентираните ученици** | -Индивидуални и групни состаноци со родителите и презентирање на информации | -Психолошко-педагошка служба -одделенски раководители -наставници | ноември | - Се користат резултатите од прашалникот за наставници по Ренцули |
| **Определување на цели за работа со надарените ученици; стратегии и ментори за работа** | -Состаноци со стручните активи, одговорни наставници на слободните ученички активности, како и начинот на водење на додатната настава | -Психолошко-педагошка служба -одделенски раководители -наставници | септември – мај | - Се користат резултатите од прашалникот за наставници по Ренцули |
| **Следење на развојот на талентираните и надарените ученици** | -Состаноци со наставници и родителите на надарените ученици, водење записници -Прашалник за родителите во врска со нивното мислење за организацијата на додатната настава | -Психолошко-педагошка служба -одговорни наставници за додатна настава | септември – мај | Часовите од додатна настава, наставниците ги спроведуваат за меѓуученички натпревари, како и подготовка на учениците за учество на престојните организирани натпревари преку индивидуализирана форма за работа. |
| **Поддршка на надарените ученици за акцелерација** | -Тестирање на учениците за креативност и интелигенција, годишни тестови на знаење по наставните предмети | -Психолошко–педагошка служба -стручни активи -родители -наставници, -одделенски раководители | Во текот на учебната година, по потреба | Спроведување на законската регулатива и интересот на родителите и децата за побрзо напредување |
| **Поттикнување на надарените ученици во натамошното** | Организирање на додатна настава адаптирана на поставените цели | -предметните наставници | Во текот на учебната година | - Грижа на училиштето за развивање на талентот, надареноста и интелигенцијата на одредени ученици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **напредување и проширување на знаењата** | Организирање на групна настава адаптирана на потребите на надарените ученици | -предметните наставници | Во текот на учебната година | |
| | Вклучување во воннаставни активности на надарените деца | -Психолошко–педагошка служба во соработка со наставниците задолжени за воннаставни активности | Во текот на учебната година | |
| **Континуирано следење на постигањата по класификациони периоди на надарените ученици** | Анализа на успехот (постигнувањата) на надарените ученици по класификациони периоди и изработка на извештај | -психолошко–педагошка служба -оддел. раководител | По класификацион и периоди | - Реализација на законската регулатива |
| **Откривање на потребите за продлабочување и проширување на знаењата и размена на информации и предлози за нивното напредување** | -Организирање на индивидуални средби со надарените ученици<br>-Посета на часовите од додатна настава<br>-Анкетен лист за интересот за додатната настава | -Психолошко–педагошка служба -наставници - родители | Во текот на учебната година | - Согледување на начинот, методите и формите преку кои се спроведува овој вид настава<br>- Согледување на интересот за додатната настава |
| **Запознавање на родителите со постигањата на учениците и размена на искуства и информации за потребите на ученикот** | -Извештај за постигањата на надарените ученици, нивниот напредок, изготвување извештаи од посетата на часовите од додатна настава | -одделенски и -предметни наставници - Психолошко – педагошка служба (по потреба) | По класификацион и периоди | -Целосна соработка на релација училиште- родители- наставници |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка со локалната заедница** | -Учество во натпревари во организација на МОН, БРО на РМ, општина Битола, НВО, Народна техника, Црвен крст и др | -ученици, - предметни наставници - наставници ментори<br>- МОН, БРО и др | Во текот на учебната година | - Афирмација на учениците и работата на училиштето во пошироката заедница. |

Успешното планирање на додатната настава, добрата организација, како и редовната посета на истата од страна на учениците е најважна за успешна и делотворна настава организирана за надарените и талентирани ученици

ППС : Кети Секуловска

.

ВРЕМЕНСКА РАМКА, АКТИВНОСТИ И СОРАБОТНИЦИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ДОДАТНА НАСТАВА:

| ВРЕМЕ | ЦЕЛНА ГРУПА | ФОРМА | ИНСТРУ-МЕНТИ | ПОСЕТА НА ЧАСОВ ЗА ДОД. НАС. | СОРАБОТ-НИЦИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **септември** | IV-IX одд. | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас. | одд.рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **октомври** | IV-IX одд. | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **ноември** | IV-IX одд. | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **декември** | IV-IX одд. | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **јануари-вевруари** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **март** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **април** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети, извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |
| **мај** | IV-IX одд | групна индивидуална | анкети извештаи | според распоредот за одржување на дод. нас | одд. рак. пред. н-к, ППС, родител |

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИ И НАДАРЕНИ ДЕЦА ВО УЧЕБНАТА 2016/2017

| ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ | СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ | ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Изразување и творење** | Обработка на стихотворби, текстови | Сфаќање на суштината и поделба на мисловни (логички) целини | -текстови<br>-песни | Септември-јуни,според потребите на учениците |
| **Работилница изразување и творење** | Драматизација на текстови (театарска претстава) | Усно и писмено изразување | -маски<br>-кукли<br>-облека | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Работа со податоци** | Работа со податоци- изработка на графикони при решавање на математички проблеми | Самостојно да ги внесуваат податоците | -графикони | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Множење и делење до милион** | Математика со размислување-користење на стратегии при множењето и делењето | Да го сфатат множењето со трицифрениот број | -задачи | Септември-јуни според потребите на ученуците |
| **Мерење** | Правење на кутии за отпадоци | Да ја сфатат техниката на мерење | -хартија во боја | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Ликовна работилница** | Ликот на моето другарче во анфас и профил- туш | Да ја сфатат техниката на цртање | -хартија,<br>-туш | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Ликовна работилница** | Изработка на географска карта со знаменитостите на Битола | Размер | -хартија<br>-боици<br>-слики | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Математичка работилница** | Изработка на збирка задачи од учениците | Самостојно да смислуваат задачи | -хартија<br>-компјутер | Септември-јуни според потребите на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Презентација за училиштето** | Кои сме ние- презентација за училиштето | Самостојно да направат презентација и да го претстават училиштето | -компјутер<br>-хартија | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Местоположба и природни особености на Р Македонија** | Периодизација на македонското минато | Да ја научат периодизацијата на Македонија | -географска карта<br>-слики | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Работилница** | Засадуваме и расадуваме растенија | Да знаат да ги негуваат растенијата- | растенија | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Маскенбал** | Самостојно изработување на маски | Да знаат самостојно да изработат маски | -материјали во боја<br>-украси | Септември-јуни според потребите на учениците |
| **Стихозбирка** | Правење на стихозбирка од песни (стихотворби) од учениците | Самостојно да пишуваат и да дадат критички осврт на изгледот на стихозбирката | -компјутер -песнички | Септември-јуни според потребите на учениците |

Изготви:
Стевановска Виолета, Секуловска Кети

## АКЦИОНЕН ПЛАН НА ТИМОТ ЗА ПОФАЛУВАЊЕ И НАГРАДУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ И НАСТАВНИЦИТЕ ВО УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|
| **Изработка на програма за работа на тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците за учебната 2016/2017година** | Координатор на тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците | август 2016 |
| **Разгледување на критериумите за пофалување и наградување на учениците и наставниците и нивно дополнување** | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | септември 2016 |
| **Разгледување на предлозите за избор на наставник на годината за 2015/2016година** | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | октомври 2016 |
| **Гласање за избор на наставник на годината за 2015/2016(еден од одделенска настава, еден од предметна настава) на Наставнички совет** | Наставнички совет | ноември 2016 |
| **Прогласување на наставник на годината за 2015/2016(еден од одделенска настава, еден од предметна настава)** | Тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците и директор | декември 2016 |
| **Прибирање на предлози и разгледување на документација на ученици за пофалени ученици на крајот на учебната година** | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | септември 2016 – мај 2017 |
| **Избор на пофалени ученици за учебната 2016/2017 година** | Тимот за пофалување и наградување на учениците и наставниците и директор | мај 2017 |
| **Избор на првенец на генерцијата од IX одделение и спортист на годината** | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците и директор | мај 2017 |
| **Избор на омилен наставник на учениците од петто одделение и предметна настава** | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | мај 2017 |
| **Доделување на благодарници на ученици за активно учество во наставни и воннаставни активности** | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | мај 2017 |
| **Анализа на работата на тимот и реализација на програмата** | Тим за пофалување и наградување на учениците и наставниците | август2016 / јуни 2017 |

## РАЗВОЕН ПЛАН НА

## ИНКЛУЗИВЕН ТИМ НА ДЕЦА СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

**Општа цел:**

Подобрување на квалитетот на живот на децата/ ученици со посебни потреби и поттикнување на развој на сите деца во училиштето „ по мерка на детето„.

**Специфични цели:**

1. Примена, развој и пратење на моделот за добра инклузивна практика во училиштето, изработка на ИОП соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик
2. Активно учество во инклузивниот и образовен процес и практична вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби.
3. Обезбедување и унапредување на квалитет на наставата во образованието на учениците со посебни потреби.

***Активности за реализација на целите:***

| АКТИВНОСТ | НОСИТЕЛИ | НАЧИН НА ПРАТЕЊЕ | ВРЕМЕ 2016/17 г. |
|---|---|---|---|
| **Анализа на програмата за инклузивно образование од минатата учебна година и работата на тимот пред почетокот на учебната 2016/17 година** | Тим за ИО, наставник, родител | Евиденција на тимот, извештаи | VI, VIII |
| **Изработка на план и програма за работа на тимот во учебната 2016/17 година- Организирање на активности врз основа на програмата за работа** | Тим за ИО | Педагошка евиденција, план за работа | VIII, IX |
| **Анализа на актуелната состојба во училиштето, идентификација на децата со посебни потреби за дополнителна поддршка** | ППС, одделенски раководители, наставници Тим за ИО, родители | Опсервација на ученикот, проценка на наставникот, база на податоци, педагошка евиденција | IX-2016, VI-2017 Во текот на учебната година |
| **Формирање база на податоци и континуирано ажурирање на базата на податоци** | Тим за ИО, ППС | | IX,X, Во текот на учебната година |
| **Пратење на напредокот на ученикот-ИОП - Унапредување на достапноста на соодветните облици на поддршка на** | Наставници, ППС, | Педагошка евиденција извештаи,педаг ошко досие- | Во текот на учебната година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **учениците** | | евидентни листови, наставни ливчиња | |
| **Соработка со наставниците вклучени во инклузивното образование при изработка на ИОП, следење, реализација, евалуација. Јакнење на професионалните компетенции на наставникот** | Тим за ИО, наставници | Педагошка евиденција извештаи, педагошко досие-евидентни листови | Во текот на учебната година |
| **Едукација на учениците од редовната популација за разбивање на предрасудите за корисниците на инклузивното образование**<br>**Активности за учениците во прифаќањето на различностите, преку изработки на проекти, паноа, цртежи, составување на лични творби, состави и тн.** | Тим за ИО, наставници, одделенски раководител, Ученички парламент, секција на информатичари и новинарска секција | Изработки од учениците-педагошко досие, фотографии, проекти, извештаи | Во текот на учебната година |
| **Организација и реализација на активности за инклузивно образование-работилници, обуки, прашалници, анкети** | Тим за ИО, ППС, раководител на тимот | Обуки, работилници прашалници, когнитивно-квалитативна анализа, извештаи Изработки, фотографии и извештаи | На почетокот од учебната година и според потребите во текот на истата. |
| **Сензибилизација на родителите – (на родителски состаноци) предавање за родители на тема : Што содржи ИОП?** | Раководител на тимот, одделенски раководители | Извештаи, евиденција на присутни, коментари на родителите, записник | Во текот на учебната година-по потреба |
| **Информирање преку јавни гласила**<br>**Информирање на јавноста преку медиуми за инклузивното образование во нашето училиште-искуства** | Информатичар или тим за поддршка, Тим за ИО, директор, ППС, одделенски раководител | Телевизиски или радиоемисии Изработки,фото графии и извештаи | Во текот на учебната година |
| **Соработка со други институции кои го поддржуваат и унапредуваат инклузивното** | Тим за ИО. директор | Извештаи, педагошка евиденција | Во текот на учебната година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **образование<br>Соработка со други важни институции, локалната самоуправа и др.** | | | |
| **Анализа на работата на тимот и реализација на програмата , вреднување на резултатите од работата** | Тим за ИО | Извештаи, евиденција | XII-2016, VI-2017 |
| **Евалуација на програмата и предлог за изработка на нова програма за наредната учебна година** | Тим за ИО | Извештаи, евиденција | VIII-2017 |

Во учебната 2016/2017 година, нашето училиште продолжува со реализација на веќе постоечките проекти, како и со воведување на нови проекти кои во текот на оваа учебна година ќе бидат идентификувани, прифатени и реализирани.
Шематски приказ на проектите застапени во нашето училиште.




*Подетално образложени во табелата што следи;
**УСАИД, МКЦ,МЦГО,Чекор по чекор и др;
***Проекти кои ги реализира самиот наставник во текот на микро-наставата

| ПРОЕКТИ КОИ УЧИЛИШТЕТО ГИ РЕАЛИЗИРА ВО СОРАБОТКА СО МОН И БРО | | | |
|---|---|---|---|
| ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: | РЕАЛИЗАТОРИ: | ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2016/2017: | ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА: |
| **Мултиетничка интеграција во образованието** | Тим за МИО | - Адаптирање на наставни содржини со МИО активности<br>-Соработка со партнер училишта<br>- Организација на активности за надминување на проблемите со поголемата присутност на ученици од ромска националност<br>- Ревидирање на планираните активности на тимот за работа со ученици од ромска националност за надминување на одредени проблеми | -извештаи<br>-записници од средби |
| **„Со читање до лидерство“ – Чекор по чекор и УСАИД** | -координатор:<br>Гордана Анастасова<br>Членови:<br>Ирена Трајковска<br>Лилјана С.Алабаковска<br>Андријана Шокларовска | -Работилница :„Нашата училница-нашиот свет“<br>-Работилница:„Математика +“<br>-Училишна десиминација | -извештај<br>-списоци за присуство |
| **Употреба на асистивна технологија во работата со ученици со посебни образовни потреби;** | Тим за инклузивно образование | -Обуки за наставниците за изработка на ИОП во согласност со потребите на ученикот и постоана комуникација наставник- дефектолог- родител.<br>-Изработка на чекори за изработка на ИОП посебно за одделенска посебно за предметна настава. | -извештаи од обуки<br>-изработени ИОП |
| **Заедничка грижа за правилно насочување на учениците** | Тим на проектот:„ Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“ | -Продолжување на активностите за вклучување на родителите во училиштето согласно Законот, правилниците, Статутот на училиштето како и Програмата на тимот<br>- Усогласување на програмата на Клубот со годишната програма и развојниот план на училиштето;<br>-Реализација на планираните активности | -Програма на тимот<br>-извештаи<br>-записници |

| ИНТЕРНИ-УЧИЛИШНИ ПРОЕКТИ | | | |
|---|---|---|---|
| ИМЕ НА ПРОЕКТОТ: | РЕАЛИЗАТОРИ: | ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2016/2017: | ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА: |
| • **Изработка на База на инструменти за оценување и самооценување на ниво на стручни активи** | Тим за училишна политика на оценување и евалвација | -Дополнување на Базата на податоци и евалвација на истата | -извештаи |
| • **„ Изработка на Квалитетни планирања на стручните активи усогласени со развојниот план и годишната програма на училиштето“** | Тим  за изготвување модели планови и програми на стручни активи | -Евалвација и имплементација на реализираните активности од претходната година;<br>-Суштински промени во плнирањето и работата на стручните активи; | -записници од работата на тимот<br>-записници и годишни и полугодишни извештаи на стручни активи |
| • **„Со соработка до квалитетни знаења“ (инклузивно образование)** | Тим од 5 члена: стручна служба и два наставника кои поминале обука за инклузивно образование. | -Воспоставување на процедури за системско следење на учениците со потешкотии и нивниот напредок | -записник од реализиран состанок<br>-записници од реализирани состаноци со наставници и родители |
| • **Проект за зголемена нагледност преку: Користење на ИКТ технологија (Смарт таблата)** | Тим за ИКТ во наставата | -Апликација за изработка на тестови К-EDUKA,<br>-Работилница за електронско аплицирање на проекти | -записници од реализирани состаноци со наставници и родители<br>Записници и годишни и полугодишни извештаи на стручни активи<br>-извештаи за реализирани работилници<br>-извештај од одржана работилница |
| • **„Професионална ориентација за премин во средните училишта“** | Тим за работа на кариерното катче составен од наставници, родители и ученици | -Средби со претставници од државни институции и приватни организации за презентирање на пазарот на трудот; | -извештаи<br>-записници од состаноци<br>-предходни и нови |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | -Евалвација на активностите од претходната учебна година и подобрување на активностите според програмата на тимот<br><br>-Анализа на успехот на учениците во средните училишта<br><br>**-Ревидирање и подобрување на работата на Тимот за професионална ориентација на учениците** | планирања за работа на тимот |
| • **Професионално усовршување на наставниот кадар** | Тим за професиона-лен и кариерен развој на наставниците | -. Проширување на тимот за професионален развој<br><br>- Импелментација на иновациите во врска со професионалниот и кариерниот развој на наставниците<br><br>- Планирање на личен професионален развој план за професионален развој на ниво на училиште<br><br>- Следење на професионалниот развој<br><br>-Пишување на ИППР;<br>-Изготвување на План за професионален развој на ниво на стручен актив<br>-Интерни и екстерни работилници | -Изготвен план<br>-Извештај од реализирани активности; |
| • **Функционирање на систем за процена на квалитетот на работата на наставникот**<br>• **Подобрување на состојбата и** | Тим за функционирање на системот за процена | -Евалвација на ефектите од воведените активности и промените од истите<br><br>-Презентација на предлог буџетот пред спонзори или локалната заедница; | -записници од состаноци<br>-гласови од страна на Наставнички совет<br>-разгледана документација на наставниците |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **опременоста на кабинетите со материјално- технички ресурси и наставни средства** | | -Поднесување на барање до спонзори или донатори; | |
| • **Подобрување на хигиенско -техничките услови** | Тим за подобрување на хигиенско-техничките услови | • Увид во извештајот од пописната комисија<br>• Изготвување на преглед на постоечките наставни средства и анкета на потреби по кабинети и спортски сали<br>• Спроведување на анкетата<br>• Анализа на резултатите од анкетата<br>• Изготвување на предлог буџет за набавка на материјално техничките ресурси  и наставните средства во училиштето<br>• Набвување на материјално-технички средства и материјали | -извештаи од состаноци на тимот<br>-извештаи од пописната комисија<br>-извештаи од состаноци на тимот<br>-извештаи од состаноци на стручните активи<br>-листа на постоечки наставни средства по кабинети<br>-пополнети анкети од страна на наставниците<br>-изготвена анализа на состојбата<br>-записници од состаноци<br>-записници од состаноци на тимот<br>-изготвен буџет за набавка на наставни средства, -испратници, фактури за набавени средства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • **Обезбедување средства за реконструкција на покривната конструкција на училиштето** | Тим за Обезбедување средства за реконструкција на покривната конструкција на училиштето | -Реализација на проектот | -потпишана документација за изведување на проектот |
| • **Обезбедување средства за реконструкција на дограмата на училиштето** | Тим за обезбедување средства за реконструкција на дограмата на училиштето | -Во тек е евалвацијата на апликацијата и очекување на резултатите од истата | -пополнета апликација |
| • **Зголемување на безбедноста на учениците во училиштето и надвор од него** | Тим за зголемување на безбедноста на учениците во училиштето и надвор од него | • Увид на лице место за тоа како изгледа сегашната состојба на покривот<br>• Изготвување записник од извршениот увид на состојба<br>• Изработка на предлог проект<br>• Изготвување на предлог буџет за изведување<br>• Презентација на предлог буџетот пред спонзори или локалната заедница | -записници од состаноци на тимот<br>-план за материјално технички средства за обезбедување на сигурнота на влезот<br>-записници од состаноци<br>-изработен предлог проект<br>-записници од состаноци<br>-изработен предлог проект<br>-записници |
| • **Е- библиотека** | Тим за формирање на е-библиотека (библиотекари наставници по македонски јазик, ученици, родители) | -Надополнување на библиотеката со нови изданија на е- книги;<br>-Обука за користење на е-библиотеката; | -извештај од обуки |
| • **Промовирање на училиштето преку различни медиуми** | Тим за промоција на училиштето | - Ревидирање на тимот за одржување на WEB страната и содржините на истата.<br>-Евалвација на активностите од претходната година; | -извештаи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Надминување на слабостите и имплементација на подобрени активности.<br>-Тековно ажурирање на FB-профилот;<br>-Ажурирање на староната за еко-содржини | |
| • **Квалитетни планирања на воннаставните активности со вклучување на учениците** | ППС, Ученичката заедница, наставници | Креирање на пилот програма за воннставни активности со вклучување на учениците<br>II.Имплементација | -извештаи<br>-изготвени планирања |

| **МЕЃУНАРОДНИ ПРОЕКТИ:** | | | |
|---|---|---|---|
| **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:** | **РЕАЛИЗАТОРИ:** | **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2016/2017:** | **ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА:** |
| • **Проекти со странски амбасади** | училиште<br>странски амбасади | Очекувани исходи од поднесените апликации за проекти за Германска и Јапонска амбасада; | пополнети апликации; |
| • **Проекти во соработка со Националната агенција за образование** | училиште<br>Национална Агенција за образование | Аплицирање заERAZMUS+ проекти; К1;К2 | пополнети апликации |
| • **Меѓународни проекти со училишта од други земји** | Тим за прифаќање и имплементација на проекти во училиштето | ОУ „Прота Матеја Неданoвиќ“, Вањево, Србија | договор за соработка |

| ПРОЕКТИ ВО СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР, ЛОКАЛНА И ДЕЛОВНА ЗАЕДНИЦА | | | |
|---|---|---|---|
| **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:** | **РЕАЛИЗАТОРИ:** | **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2016/2017:** | **ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА:** |
| **Проект:Активно учество на училиштето во активностите на локалната, деловната заедница и невладиниот сектор** | Засебни тимови за контакт и соработка со локалната, деловната заедница и невладиниот сектор | МКЦ- Битола,<br>Фондација Чекор по чекор<br>УСАИД<br>Европска гледна точка- Битола<br>Инкогнито- Битола | потпишани меморандуми за соработка<br>реализирани проекти<br>работилници |
| **УЧИЛНИЧНИ ПРОЕКТИ:** | | | |
| **ИМЕ НА ПРОЕКТОТ:** | **РЕАЛИЗАТОРИ:** | **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2016/2017:** | **ИНСТРУМЕНТИ ЗА ЕВАЛВАЦИЈА:** |
| **Индивидуални проекти**[3] | наставници и ученици | активностите си ги планира секој наставник индивидуално во своите планирања | планирања на наставниците<br>извештаи |

## УПОТРЕБА НА ИКТ ВО НАСТАВАТА

Во нашето училиште редовно се применува ИКТ во наставата со цел подобрување на квалитетот на истата. Секој наставник одделно, во своите годишни и тематско-процесни планирања, е задолжен да предвиди и реализира ИКТ содржини и во учебната 2016/2017 година. Училиштето располага со десктоп компјутери, Intel Classmate лаптопи, Intel Classmate таблети и 2 смарт-табли.

Исто така, располага и со следните асистивни уреди за работа со деца со потешкотии во учењето и со деца со посебни образовни потреби: монитор на допир, 8 тастатури од кои 5 се со кирилично писмо и 3 со латинично писмо, 2 trackball, joystick, 2 одвоени кликови, како и 2 едукативни софтвери наменети за истите. Истите се сместени во канцеларијата на дефектологот, а по потреба се распоредени и по училниците.

Во нашето училиште има 4 деца со посебни образовни потреби – наод и мислење, 4 со потешкотии во учењето и истите се само со мислење. Со овие ученици се работи според индивидуален образовен план (ИОП), изоставувајќи ги предметите: ликовно образование, музичко образование, техничко образование и физичко и здравствено образование. Само со еден ученик се работи според индивидуален образовен план (ИОП) за физичко образование бидејќи станува збор за ученик кој е телесно инвалиден. Од првоодделенците кои се запишани во учебната 2016/2017 год., нема најава за наод и мислење и истите ќе бидат на опсервација од страна на дефектологот бидејќи не се описменети. Доколку има дете со наод и мислење ќе се започне со работа уште во I одд.Наставниците се едуцирани за употреба на ИКТ во наставата и истата максимално ќе ја интегрираат во изготвувањето на сите програми и планирања кои се реализираат во наставата.

---

[3] **Во овј дел се индивидуалните проекти на наставниците кои тековно произлегуваат со работата, се следат и се поднесуваат во вид на планирања и извештаи до тимот за предлагање и прифаќање на проекти како и во самото наставничко портфолио**

Во табелата подолу е даден распоред на активностите за учебната 2016/2017 година

**Напомена:** Во текот на учебната 2016/2017 година, програмата може да претрпи измени во планираните програмски активности, согласно

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Користење на софтверот KEduca** | Во текот на учебната 2016/17 год. | Соња Кузманова | демонстрација практична работа | Користење на софтвер за изготвување на тестови на знаење |
| **Изготвување на полугодишен извештај за работата на тимот за употреба на ИКТ** | 01.01.17 | Тим за употреба на ИКТ во наставата | тимска работа | Известување-самоевалуација на I полугодие за реализираните активности според предвидената програма |
| **Иновативен пристап за користење на апликации за работа со таблети во наставата** | Во текот на учебната 2016/17 год. доколку училиштето располага со таблети | Виолета Стевановска Весна Димитровска | Демонстрација практична работа | Користење на различни апликации при работа со таблети |
| **Одржување на web страната на училиштето** | Во текот на учебната 2016/17 год. | Кристина Лајмановска Атанас Пеев | практична работа | Транспарентно информирање за работата на училиштето |
| **Изготвување на годишен извештај за работата на тимот за употреба на ИКТ** | 01.06.17 | Тим за употреба на ИКТ во наставата | тимска работа | Известување-самоевалуација на крајот од годината за реализираните активности предвидени во програмата на тимот за употреба на ИКТ во наставата |

потребите на наставниците.

Координатор: Наташа Лавчанска

Членови: Гордана Анастасова, Андријана Шокларовска

## ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА ВО НАСТАВАТА



## ПЛАН НА АКТИВНОСТИ
## учебна година 2016/2017

**Учесници во изработка на планот на активности:**

| Бр. | Име и презиме | Институција/функција | Машки | Женски |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Васил Јолевски | III-3 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | + | |
| 2. | Даниел Богоевски | III-3 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | + | |
| 3. | Јована Стерјовска | III-3 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | | + |
| 4. | Филип Фармаки | IV-4 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | + | |
| 5. | Ивана Јанкуловска | IV-4 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | | + |
| 6. | Емилија Југовска | IV-4 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | | + |
| 7. | Александар Китановски | V-4 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | + | |
| 8. | Ема Дудрубаковска | V-4 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | | + |
| 9. | Дарко Каревски | V-4 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | + | |
| 10. | Андреа Филевска | IX-1 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | | + |
| 11. | Илина Трајковска | IX-1 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | | + |
| 12. | Бојана Николовска | IX-1 ОУ„Св.Климент Охридски“-Битола | | + |
| 13. | Снежана Стефановска | ОУ„Св.Климент Охридски“ | | + |
| 14. | Виолета Стевановска | ОУ„Св.Климент Охридски“ | | + |
| 15. | Марика Костовска | ОУ„Св.Климент Охридски“ | | + |
| 16. | Марија Крстевска | ОУ„Св.Климент Охридски“ | | + |
| **ВКУПНО** | | | **5** | **11** |

* додајте редови по потреба

**ЕКО-СТАНДАРД 1. Заштеда на енергија**

**Полиса: Рационално користење на електричната и топлинската енергија.**

**Цели: Намалување на потрошувачката на електрична енергија за 10% во споредба со претходната година.**

| ТОЧКИ НА АКЦИЈА | НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОДГОВОРЕН |
|---|---|---|---|
| **6. Редовно чистење на прозорците за максимално искористување на сончевата енергија** | Активноста се изведува еднаш месечно со одговорните ученици, во соработка со родители во организација и со училишните хигиеничари | септември/јуни | Одговорни наставници од тимот,ученици,хигиеничари |
| **7. Истакнување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија** | Претходно изработените упатства се истакнуваат во секоја училница | септември/јуни | Одговорни наставници од тимот,ученици |
| **8. Назначување на одговорни лица согласно бројот на паралелки и смени во училиштето, односно бројот на групи во градинките за спроведување на горенаведените точки на акција** | На почетокот на септември, се избираат ученици од одделенијата на одговорните наставници во тимот за вршење на еко-патроли | септември/јуни | Одговорни наставници од тимот,ученици |
6. Локации за посета и правците на патување

- **Дебар** (посета на манастирскиот комплекс Св. Јован Бигорски, Косовраски Бањи, ХЕЦ Шпиље), **Струга** ( посета на Вевчанските Извори и Природно-научниот музеј) **Охрид** ( посета на Антички театар, Плаошник и Самоилова Тврдина, Црква „Св. Софија" – Охрид, Црква „Св. Јован Богослов" – Канео, Манастир „Св. Наум Охридски")

7. Техничка организација

- Екскурзијата ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и 26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.

8. Начин на финансирање

- Родителите на учениците ја финансираат реализацијата на екскурзијата

9. Извештај од реализираната екскурзија

- Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

## НАСТАВА ВО ПРИРОДА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД V ОДДЕЛЕНИЕ

1. Воспитно-образовни цели
- реализирање на образовните задачи кои ќе бидат планирани за тој период според наставниот план и програма (доставени во програмата)
- стекнување на хигиенски навики како и формирање на навики за организирано користење на слободното време
- развивање и стекнување на еколошки навики
- заедничко дружење и стекнување на нови пријателства што придонесува за социјализација на личноста
- развивање и негување на колективен живот и другарски односи како и прилагодување на личните интереси, потреби и желби кон интересите, потребите и желбите на колективот
- развивање способност за набљудување, запазување и воочување на предмети, облици, појави и процеси
- изворно да се запознаат со предметите и појавите во природната и животната средина
- создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење
- создавање на мошност за истражување при што се поттикнува развојот на самостојноста на учениците
- се стимулира нивната љубопитност, како и можноста стекнатото знаење од училница да се примени во конкретни ситуации на терен
- јакнење на работа во групи, парови и индивидуално
- јакнење на упорноста, истрајноста и одговорноста
- почитување на знаењето и искуството на повозрасните
- развивање смисла за убаво, градење на позитивен односи и љубов кон природата и природните убавини
- стекнување на трајни знаења како и поголема практична применливост и функционалност

2. Задачи
- реализирање на образовните задачи предвидени согласно наставните програми
- стекнување на нови знаења, претстави и поими
- развивање на позитивен однос кон природата и стекнување на еколошки навики
- наставата придонесува за стекнување на квалитетни и трајни знаења како и можност да се изврши систематизирање и проверка на знаењата преку набљудување, опити, експерименти и истражувања
- овозможува развој на организацски способности, самостојност, одговорност како карактерни особини на учениците

3. Содржини и активности
- екскурзија од научен и рекреативен карактер
- поедини содржини се обработуваат во природни услови
- учениците го поврзуваат знаењето со природата и животот воопшто
- се развива интересот на учениците за проучување на живата природа
- поволно влијае на развојот на самостојното набљудување и придонесува за активност на ученикот за проучување и истражување на непосредната околина
- се интензивираат интелектуалните и емотивни доживувања на ученикот

- градење на еколошки навики
- систематизирање на стекнатото знаење

**теми-наставни подрачја кои ќе бидат опфатени при наставата во природа**

- (Образование, екологија, лековити и ароматични растенија, спорт и рекреација, ликовна и музичка култура, разонода и забава, производно корисна и друга работа)

**теми за истражување при реализацијата на наставата во природа**

(животот и работата на луѓето во крајот-фолклор, традиции и обичаи)

(Охридско или Преспанско Езеро-македонско слатководно море и неговиот жив свет, водата услов за живот и животна средина, изработка на хербариум)

## РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ ПРИ РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

| ПЛАН ЗА РАБОТА | |
|---|---|
| **ДЕН** | **НАСТАВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА** |
| **1** | **1 час Општество**<br>Наставна содржина: Културно наследство, Споменици на културата (посета на Домот на културата „Драги Тозија“ во османлиски период познат како сарајот на Ниајзи бег)<br>**2 час Македонски јазик**<br>Наставна содржина: Говорна вежба (Впечатоци од моето патување и набљудување)<br>**3 час Физичко и здравствено образование**,<br>Наставна содржина: Одбојка, меѓуодделенски спортски игри<br>**4 час Музичко образование**<br>Наставна содржина: Народни ора и танци |
| **2** | **1 час Природни науки**<br>Наставна содржина: Водна животна заедница<br>**2 час Општество**<br>Наставна содржина: Истражување<br>**3 час Македонски јазик**<br>Наставна содржина: Писмена вежба „Опис на езерото“<br>**4 час Ликовно образование**<br>Наставна содржина: Цртање на езерото<br>**5 час Математика Задачи мерки за плоштина**<br>Наставна содржина: Задачи мерки за плоштина (Собирање и одземање на мерките за должина и течност)<br>**6 час Музичко образование натпревар во пеење**<br>Наставна содржина:Натпревар во пеење |
| **3** | **1 час Општество**<br>Наставна содржина: Природните убавини на Македонија,<br>**2 час Ликовно образование**<br>Наставна содржина: Цртање според извршеното набљудување<br>**3. час Македонски јазик**<br>Наставна содржина: Писмено изразување Живиот свет раскажува<br>**4 час Математика**<br>Наставна содржина: Бројни изрази Комбинирани задачи со примена на математички операции<br>**5 час Физичко и здравствено образование** |

| | |
|---|---|
| | Наставна содржина: Одбојка, меѓуодделенски спортски игри<br>**6 час Творештво**<br>Наставна содржина: Забава под маски |
| **4** | **1 час Природни науки**<br>Наставна содржина: Водна и копнена животна заедница (изработка на хербариум)<br>**2 час Природни науки**<br>Наставна содржина: Водна и копнена животна заедница (изработка на хербариум)<br>**3 час Ликовно образование**<br>Наставна содржина: Цртање на растителниот свет<br>**4 час Математика**<br>Наставна содржина: Работа со податоците-истражување (средување на податоците)<br>**5 час Физичко и здравствено образование**<br>Наставна содржина: финални натпревари од спортските меѓуодделенски игри<br>**6 час Творештво**<br>Наставна содржина: „Што умеам јас“, избор на таленти |
| **5** | **1. час Општество**<br>Наставна содржина: Природните убавини на Македонија<br>**2 час Општество**<br>Наставна содржина: Природните убавини на Македонија |

| ПЛАН ЗА РАБОТА: | | | |
|---|---|---|---|
| ДЕН | ПРЕТПЛАДНЕ | ПОПЛАДНЕ | ПО ВЕЧЕРА |
| **1.** | **- Поаѓање од училиштето и посета на градот Ресен разгледување на градот со посета на Домот на културата „Драги Тозија“ во османлиски период познат како сарајот на Ниајзи Бег** | - Пристигнување и сместување во детското одморалиште<br>- Спорт и рекреација | - Претставување на делот за забавна програма |
| **2.** | **- Посета на плажата и разгледување на растителниот и животинскиот свет<br>- Охридското Езеро /Преспанско Езеро  и неговото настанување (легенда) загадување, екологија, флората и фауната во езертото и покрај него (истражување)** | - Писмена вежба „опис на езерото“<br>- Цртање на езерото<br>- Собирање и одземање на мерките за должина и течност<br>- Спорт и рекреација | - Учество на натпревар „Златен глас“ |
| **3.** | **- Посета на околината и набљудување на природните убавини<br>- Цртање според извршеното набљудување** | - Истражување: животинскиот свет во водата и покрај водата<br>- Пишување на извешатај од истражувањето<br>- Живиот свет раскажува- писмено изразување<br>- Комбинирани задачи со примена на математички операции<br>- Спорт и рекреација | - Пеење народни песни со народно оро |
| **4.** | **- Истражување на растителниот свет во водата и покрај неа<br>- Собирање на различни видови растенија и воочување на нивните услови за живот<br>- Цртање на растителниот свет** | - Работа со податоците- истражување (средување на податоците и извештај од истражувањето)<br>- Разгледување на туристички објекти<br>- Спорт и рекреација | - Учество во културно забавниот живот (избор на мис и мистер) |
| **5.** | **- Посета на сите културно историски споменици кои се наоѓаат во близина** | - Пристигнување во Битола | |

4. <u>Раководител, наставници, ученици</u>

- Раководител на наставата во природа ќе биди претседателот на  одделенскиот совет на V одделение
- Одделенските наставници од V одделение и учениците од V одделение

- <u>Времетраење</u>
- Пет дена, во текот на месец април или мај .

- <u>Локации за посета и правците на патување</u>

- Наставата во природа ќе се реализира во детско одморалиште кое ги исполнува нормативите пропишани во правилникот доставен од страна на БРО, а се наоѓа на Преспанското или Охридското Езеро
- Запознавање со објекти, населени места и локалитети за време на наставата во природа кои гравитираат во близина на одморалиштето во кое се сместени учениците.

- <u>Техничка организација</u>
- Слободната ученичка активност ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и 26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.

- <u>Начин на финансирање</u>
- Родителите на учениците ја финансираат реализацијата на наставата во природа

- <u>Извештај од реализираната слободна ученичка активност</u>
- Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

## <u>ЛЕТНА ШКОЛА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ДО IX ОДДЕЛЕНИЕ</u>

1. <u>Воспитно-образовни цели</u>

- Рекреативно-образовен карактер
- развивање смисла за убаво, градење на позитивен односи и љубов кон природата и природните убавини
- развивање и стекнување на еколошки навики
- стекнување на хигиенски навики како и формирање на навики за организирано користење на слободното време
- се интензивираат интелектуалните и емотивни доживувања на ученикот
- развивање на солидарност, другарство и хуманост
- јакнење на упорноста, истрајноста и одговорноста
- заедничко дружење и стекнување на нови пријателства што придонесува за социјализација на личноста
- развивање и негување на колективен живот и другарски односи како и прилагодување на личните интереси, потреби и желби кон интересите, потребите и желбите на колективот
- јакнење на социјализацијата, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
- создавање на можност за истражување при што се поттикнува развојот на самостојноста на учениците
- изворно да се запознаат со предметите и појавите во природната и животната средина
- развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
- се стимулира нивната љубопитност, како и можноста стекнатото знаење од училница да се примени во конкретни ситуации на терен
- јакнење на работа во групи, парови и индивидуално

- почитување на знаењето и искуството на повозрасните
- стекнување на трајни знаења како и поголема практична применливост и функционалност
- 2. <u>Задачи</u>
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање на навики за здраво живеење
- јакнење на упорноста, истрајноста и одговорноста;
- развивање смисла за убаво, љубов кон природата и природните убавини како и кон културно-историските споменици
- развивање на еколошка свест со акцент на значењето на водата
- развивање на позитивен однос кон природата и водата
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
- овозможува развој на организацски способности, самостојност, одговорност како карактерни особини на учениците
- <u>Содржини и активности</u>
- летен камп од рекреативен карактер за учениците од VI до IX одд.
- реализирање на обука за пливање (курс за почетници и напреден курс)
- реализација на други спортски активности (кошарка, фудбал, одбојка)
- посета на културно-историски споменици во блиската околина (Голем град - историскиот континуитет кој го крие овај остров, посета на Брајчино со акцент на развој на селскиот туризам како и посета на црквата „Св. Ѓорѓи“ во Курбиново)
- запознавање со природните убавини и богатства во блиската околина
- градење на еколошки навики

## ПРОГРАМА ЗА КАМПУВАЊЕ

**Прв ден**
11:00 Тргнување за авто камп Крани,
12:00 Сместување
13:30-15:00 Ручек, прошетка до плажата и запознавање со објектите кои стојат на располагање
20:00 Вечера
21:00 Запознавање на учениците со програмата
21:30 Забава, Учество на натпревар „Златен глас“

**Втор ден**
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-11:30 Обука за пливање (работа во групи)
12:00-13:00 Историски час
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Турнир за фудбал, кошарка. одбојка
20:00 Вечера
21:00 Забава под маски

**Трет ден**
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-11:30 Обука за пливање
12:00-13:00 Историски час
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Турнир за фудбал, кошарка. одбојка
20:00 Вечера
21:00 Забава „Што умеам јас“, избор на таленти

**Четврт ден**
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-13:00 Организирана прошетка до островот Голем град, историски час на отворено, запознавање со историскиот континуитет на островот
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Турнир за фудбал, кошарка. одбојка
20:00 Вечера
21:00 Забава караоке шоу

**Петти ден**
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-11:30 Школа за пливање
12:00-13:00 Историски час
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Организирана посета на црквата Св Ѓорѓи во Курбиново
20:00 Вечера
21:00 Забава

**Шести ден**
07:00 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
08:00 Доручек
09:30-11:30 Школа за пливање
12:00-13:00 Историски час
13:30-15:00 Ручек
15:00-17:00 Одмор
17:00-19:30 Финален ден за турнирите во фудбал, кошарка. одбојка
20:00 Вечера
21:00 Забава

**Седми ден**
08:30 Будење (рекреативни активности, прошетка, вежби)
09:30 Доручек
подготовки за враќање во Битола
попатно посета на Ресен и на дел од знаменитостите на градот

4. Раководител, наставници, ученици
- Раководител на кампот е наставник по Физичко и здравствено образование
- Наставници и ученици од VI до IX одд

5. Времетраење
- Седум денови (во периодот од јуни до крајот на месец август)

6. Локации за посета и правците на патување
- Авто камп Крани, Преспа, Преспанско Езеро

7. Техничка организација
- Екскурзијата ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и 26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.

8. Начин на финансирање
- Родителите на учениците го финансираат реализирањето на летниот камп

9. Извештај од реализираната слободна ученичка активност
- Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

## ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД VI ОДДЕЛЕНИЕ

1. Воспитно-образовни цели
- запознавање со културно историски споменици и природните богатства во Р. Македонија (поврзување со наставниот материјал по предметите историја, запозанавање со религиите, природни науки и техника, македонски јазик, ликовно образование, музичко образование)
- посета на населени места и проучување на стопански дејности на населението во тие места
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење
- заедничко дружење и стекнување на нови пријателства
- директно/непосредно запознавање на учениците со објекти од локалната средина
- согледување на влијанието на човекот врз природата и објектите
- развивање на просторната логика
- развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси
- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот

2. Задачи
- изучување, истражување, развивање на интерес за природните убавини

- развивање на позитивен однос кон националните, културните и природните богатства на Р. Македонија
- градење на чувство на патриотизам, толеранција, соживот солидарност, другарство, хуманост и сл
- зацврстување на меѓуученичките односи
- развивање способности и вештини за ориентација во просторот
- подигнување на еколошката култура кај учениците
- спознавање на природата, околината и себе си
- јакнење на социјализацијата, колективна заштита
- идентификување на предностите, проблемите и критичко размислување за улогата на човекот во животната и природната средина
- создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење

3. <u>Содржини и активности</u>
- екскурзија од научен и рекреативен карактер за учениците од VI деветолетка
- запознавање со објекти и појави во природата
- градење на еколошки навики
- разгледување на културно-историските знаменитости
- следење на континуитетот на македонската историја од антика па до најново време
- поврзување на теоријата со праксата
- развојот на самостојното набљудување и активност на ученикот за проучување на непосредната околина
- систематизирање на стекнатото знаење

4. <u>Раководител, наставници, ученици</u>
- Претседател на Одделенскиот совет на VI одделение
- Одделенските раководители на VI одделение и ученици од VI одделение

5. <u>Времетраење</u>
- Два дена ( во текот на месец мај)

6. <u>Локации за посета и правците на патување</u>
- **<u>ПРВ ДЕН</u>** *<u>Битола-Охрид</u>* (посета и разгледување на Самоиловата Тврдина, Античкиот театар и Плаошник), *<u>Струга</u>* (посета на Вевчанските Извори и Природно-научниот музеј), *<u>Дебар</u>* ( посета на ХЕЦ Шпиље, Косовраските Бањи, Св. Јован Бигорски), **<u>НОЌЕВАЊЕ</u>** во *<u>Маврово</u>*. **<u>ВТОР ДЕН</u>** *<u>Скопје</u>* (посета и разгледување на Кањонот на Матка, Скопското Кале, Црква „Св. Спас, Аеродром „Александар Велики“), *<u>Кавадарци</u>* (посета на античкиот локалитет Стоби, Фени, ХЕЦ Тиквеш), пристигнување во Битола во попладневните часови.

7. <u>Техничка организација</u>
- Екскурзијата ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и 26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.

8. <u>Начин на финансирање</u>
- Родителите на учениците ја финансираат реализацијата на екскурзијата

9. <u>Извештај од реализираната екскурзија</u>

- Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

## ЕКСКУРЗИЈА СО УЧЕНИЦИТЕ ОД IX ОДДЕЛЕНИЕ

1. Воспитно-образовни цели
   - запознавање со културно историски споменици и природните богатства во Р. Македонија (поврзување со наставниот материјал по предметите историја, географија, биологија, македонски јазик, хемија, физика ликовно образование, музичко образование)
   - посета на населени места и проучување на стопански дејности на населението во тие места
   - запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
   - создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење
   - заедничко дружење и стекнување на нови пријателства
   - директно/непосредно запознавање на учениците со објекти од локалната средина
   - согледување на влијанието на човекот врз природата и објектите
   - развивање на просторната логика
   - развивање на способности за набљудување, запазување и воочување на природни и општествени предмети, облици, појави и процеси

2. Задачи
   - изучување, истражување, развивање на интерес за природните убавини
   - социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе
   - развивање на позитивен однос кон националните, културните и природните богатства на Р. Македонија
   - градење на чувство на патриотизам, толеранција, соживот солидарност, другарство, хуманост и сл
   - зацврстување на меѓуученичките односи
   - развивање способности и вештини за ориентација во просторот
   - подигнување на еколошката култура кај учениците
   - спознавање на природата, околината и себе си
   - изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот
   - идентификување на предностите, проблемите и критичко размислување за улогата на човекот во животната и природната средина
   - создавање можности за продлабочување, проширување, збогатување и проверување на теоретското знаење

3. Содржини и активности
   - екскурзија од научен и рекреативен карактер за учениците од завршното одделение
   - запознавање со објекти и појави во природата
   - градење на еколошки навики
   - разгледување на културно-историските знаменитости
   - следење на континуитетот на македонската историја од антика па до најново време
   - поврзување на теоријата со праксата

- развојот на самостојното набљудување и активност на ученикот за проучување на непосредната околина
- систематизирање на стекнатото знаење

4. Раководител, наставници, ученици
   - Претседател на Одделенскиот совет за IX одделение
   - Одделенските раководители на IX одделение и ученици од IX одделение

5. Времетраење
   - три дена (прва половина на месец октомври)

6. Локации за посета и правците на патување

**ПРВ ДЕН** *Битола-Охрид* (посета и разгледување на Самоиловата Тврдина, Античкиот театар и Плаошник), *Струга* (посета на Вевчанските Извори и Природно-научниот музеј), *Дебар* (ХЕЦ Шпиље, Косовраските Бањи, Св. Јован бигорски), **НОЌЕВАЊЕ** во *Маврово*.
**ВТОР ДЕН** *Скопје* (разгледување на Кањонот на Матка, Скупи, Скопското Кале, Музејски комплекс Македонска борба, Меморијален музеј на холокаустот), *Струмица* **НОЌЕВАЊЕ** во *Цар Самоил*,
**ТРЕТ ДЕН** *Струмица* (посета на колешински и смоларски водопади), *Дојран* (Вардарски рид), *Кавадарци* (посета на античкиот локалитет Стоби, Фени, ХЕЦ Тиквеш) во попладневните часови се предвуува пристигнување во Битола.

7. Техничка организација
   - Екскурзијата ќе се реализира според претходно распишан тендер на кој ќе конкурираат овластени туристички агенции кои ги исполнуваат условите согласно членовите 22, 23, 24 и 26 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности.
8. Начин на финансирање
   - Родителите на учениците ја финансираат реализацијата на екскурзијата

9. Извештај од реализираната слободна ученичка активност
   - Согласно член 28 од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и останати слободни ученички активности, во рок од најмногу три дена по реализираната активност стручниот тим поднесува извештај со оценка за реализацијата и квалитетот на дадените услуги.

Програмата е изработена од комисија во која беа вклучени наставниците: Александар Јаневски, Љубица Ширановиќ, Весна Димитровска, Маргарита Поповска, Оливера Илиевска

## 12. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

Планирањето на оценувањето на ниво на училиштето и неговата реализација е многу значаен процес кој директно придонесува за подобрување на постигањата на учениците.

Користењето објективни тестови на знаење како метод за оценување на постигнатоста на наставните цели ќе придонесе за добивање на објективни податоци за постигањата на учениците во учењето.Со подготовката на објективни тестови, наставниците ќе имаат подетален увид во постигнатоста на наставните цели и напредокот во учењето кај учениците. Евалуацијата на тестовите ќе придонесе за квалитетот на прашањата во објективните тестови, а преку тоа ќе ја зголеми мотивацијата за учење кај учениците.

Во текот на учебната година се следат постигањата на учениците, нивната редовност и поведение. Се прави анализа на успехот и по предметите по кои учениците постигнуваат послаби резултати се организира дополнителна настава. Се идентификуваат учениците со потешкотии во учењето и со нив стручната служба обавува советодавни разговори , ги упатува на ефикасни техники на учење и градење на работни навики. Исто така се идентификуваат и надарените ученици на кои преку додатната настава им се овозможува да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и да учествуваат на натпревари. Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво.

Во рамките на активностите за подобрување на постигањата на учениците,, родителите на учениците кои имаат слаби оцени се повикуваат на советување кај психологот на училиштето. Покрај непосредно, учениците и индиректно добиваат совети како поефикасно да учат и поуспешно да го совладаат наставниот материјал.

Исто така, редовната настава во континуитет се унапредува со нови проекти, техники и методи на работа.

Училиштето има развиен систем на наградување на учениците и наставниците. Во месец мај се организира свеченост на која учениците кои што постигнале или освоиле високи рзултати на организирани натпревари на знаења или на натпревари од

воннаставни активности се наградуваат со пофалници и дипломи , како и со скромни подароци.

Постгањата на учениците се промовираат во самото училиште (огласна табла, разглас, училиштен весник) и надвор од училиштето (на web страната на училиштето, на фејсбук профилот на училиштето, во весници, телевизии...)

## ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

### АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

**Воведни идеи во насока на реализација на целите на училиштето**

Образовниот систем има за одговорност да им обезбеди на сите ученици целосно продолжување на едукацијата преку формална и неформална програма, која треба да биде и е предизвикувачка и мотивирачка. Се бара да се разберат индивидуалните потреби на учениците и да се имплементираат програми кои ќе ги задоволат тие потреби. Ниеден ученик не треба своето време во училиште да го минува немотивиран, неангажиран, со помалку учење или да се досадува, на начин кој тие го викаат како „учење набрзина“.Учениците не треба на пример, да бидат спречувани во својот развој преку наметнување на одредени норми кои треба да се постигнат во текот на годината. Исто така не треба да се гледа на учениците како тие да имаат фиксни нивоа на способности затоа што со тоа се постигнува образовен контра ефект. Учениците имаат различни способности, учат на различни нивоа и го развиваат својот капацитет и талент во наставната програма на различни начини. Наставниците, во училиштето, од досегашното искуство (следење на обуки и едукации) за работа со талентирани ученици, се фокусираат на:

- Наставниците покрај тоа што го имаат планирано за часот им даваат поддршка и им овозможуваат на сите ученици подеднакво повеќе да научат;
- Подобрени ресурси во училишните библиотеки и ИКТ опрема со што се поттикнуваат учениците на индивидуална настава и учење;
- Проширување на едукацијата за наставниците: интерни обуки, посета на семинари и учество на конференции од оваа област;
- Сето тоа да е соодветно финансирано и насочено кон професионалниот развој на наставниците, да се зголеми нивниот капацитете во идентификување и задоволување на потребите на учениците кои ги учат.

### ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО ЗА РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ:

**Цел 1: Зголемување на капацитетот на знаења и вештините на наставниците за работа и откривање на талентираните ученици:**

- Рана детекција на талентираните ученици;
- Подготвување програми за работа со талентирани ученици;
- Формирање на школи за работа со талентирани ученици;
- Индивидуализирана настава со талентирани ученици и програмирање на истата.

Учениците се центарот на вниманието на секој наставен процес, па поради тоа потребно е да се насочи вниманието кон личноста, но и на способностите кои ги има ученикот. Раното откривање на потенцијалите на учениците треба да е предност на секој наставник. Поради тоа потребно е зголемување и проширување на капацитетот на вештини, знаења и способности на наставниците кои ќе послужат за рано откривање, работа со нив, како и нивно мотивирање.

## ПЛАН ЗА РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

| ЦЕЛИ | АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Идентификување на надарените ученици вклучени во редовна настава** | -Тестирање на учениците со тест на интелигенција и нивно селектирање (Равенови матрици);<br>-Прашалник за наставниците (Ренцули); | психолог | септември октомври |
| | Анализа на резултатите од тестирањето и изработка на извештај; | психолог | октомври ноември |
| **Идентификување на креативното мислење кај талентираните ученици** | -Тестирање на учениците со тест на креативно мислење-цртање ТЦТ-ДП<br>Клаус К. Урбан и Ханс Г. Јелен; | психолог | септември октомври |
| **Формирање на групите за додатна настава со користење на податоците добиени од спроведените инструменти за идентификација** | -Состаноци на стручни активи и презентирање на резултатите за откривање на талентите на учениците и правилно формирање; | психолошко-педагошка служба, одделенски раководители, наставници | октомври |
| **Подобро запознавање со видот на талентираност и следење на развојот на талентираните ученици** | -Индивидуални и групни состаноци со родителите и презентирање на информации; | психолошко-педагошка служба, одделенски раководители, наставници | ноември |
| **Определување на цели за работа со надарените ученици; стратегии и ментори за работа.** | -Состаноци со стручните активи, одговорни наставници на слободни ученички активности, како и начинот на водење на додатната настава | психолошко-педагошка служба, одделенски раководители, наставници | септеври – мај |
| **Следење на развојот на талентираните и надарените ученици** | -Состаноци со наставниците и родителите на надарените ученици, водење записници;<br>-Прашалник за родителите во врска со нивното мислење за организацијата на додатната настава; | психолошко-педагошка служба, одговорни наставници за додатна настава | септеври – мај |
| **Поддршка на надарените ученици за акцелерација** | -Тестирање на учениците за креативност и интелигенција, годишни тестови на знаење по наставните предмети; | психолошко–педагошка служба, стручни активи родители, наставници, одделенски | во текот на учебната година по потреба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | раководители, | |
| **Поттикнување на надарените ученици во натамошното напредување и проширување на знаењата** | Организирање на додатна настава, адаптирана на поставените цели; | предметните наставници | во текот на учебната година |
| | Организирање на групна настава, адаптирана на потребите на надарените ученици; | предметните наставници | во текот на учебната година |
| | Вклучување во воннаставни активности на надарените деца | психолошко–педагошка служба во соработка со наставниците задолжени за воннаставни активности | Во текот на учебната година |
| **Континуирано следење на постигањата по класификациони периоди на надарените ученици** | Анализа на успехот (постигнувањата) на надарените ученици по класификациони периоди и изработка на извештај; | психолошко–педагошка служба оддел. раководител | по класификациони периоди |
| **Откривање на потребите за продлабочување и проширување на знаењата и размена на информации и предлози за нивното напредување** | Организирање на индивидуални средби со надарените ученици;<br><br>Посета на часовите од додатна настава;<br><br>Анкетен лист за интересот за додатната настава; | психолошко–педагошка служба наставници родители | во текот на учебната година |
| **Запознавање на родителите со постигањата на учениците и размена на искуства и информации за потребите на ученикот** | Извештај за постигањата на надарените ученици, нивниот напредок, изготвување извештаи од посетата на часовите од додатна настава; | одделенски и предметни наставници, психолошко – педагошка служба (по потреба) | по класификациони периоди |
| **Соработка со локалната заедница** | Учество во натпревари во организација на МОН, БРО на РМ, општина Битола, НВО, Народна техника, Црвен крст и др. | ученици, предметни наставници, наставници ментори, МОН, БРО и др | во текот на учебната година |

## ТАЛЕНТИРАНОСТ- ШКОЛИ ЗА РАБОТА СО ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ:

**ШКОЛА ЗА СПОРТ:**

- Физички и телесни предиспозиции;
- Складна моторна координација;
- Учествува во спортски натпревари и постигнува забележителни резултати.

**ШКОЛА ЗА НАУКИ:**

Ррешава тешки проблеми;

- Бара алтернативни одговори разгледува можности и излезни решенија.

**ШКОЛА ЗА УМЕТНОСТ:**

- Префинета смисла за композиција;
- Извнредна перцепција на просторот, игра со бои и линии.

**ШКОЛА ЗА МАТЕМАТИКА:**

- Работа со лигички математички задачи со повеќе операции;
- Работа на математички проблеми.

## УЧЕЊЕ:

- Прашањата кои талентирание деца ги поставуваат, покажуваат сфаќање на комплексни поими;
- Имаат невообичаено богат речник за нивната возраст;
- Учат брзо и лесно со малку повторување;
- Имаат голема жед за знаење;
- Сакаат да знаат од што се составени предметите;
- Обично забележуваат и добиваат повеќе информации од гледање филм, читање на приказна, и сл. отколку другите луѓе;
- Читаат сами, преферираат книги за постари деца или за возрасни и не избегнуваат тешка материја;
- Способност да читаат од горе надолу;
- Ги разбираат причините и ефектите, дури и пред да ги поврзат;
- Имаат ретка способност за поврзување на новите знаења со старите и го поврзуваат наученото од повеќе области;
- Ги сфаќаат меѓусебните односи и врски и имаат способност за генерализација од неколку познати факти;
- Имаат перцептивен, испитувачки ум;
- Невообичаена остроумност и интелектуална љубопитност;
- Супериорно расудување и способност за заклучување;
- Апстрактно и критичко мислење;
- Фасцинираност од бројките и интуитивна способност за сфаќање на математичките концепти;
- Уживаат во решавање на математичко- логички проблеми често не забележувајќи ги преодните фази и донесувајќи оригинални решенија;
- Способност за концентрација за долги интервали во областите од интерес;
- Способност да се увиди поврзаноста помеѓу идеите;
- Способност за остроумно посматрање;
- Брз увид во ситуацијата;
- Рапиден развој на основните вештини;

- Посебни способности во една област, како музика, уметност, компјутери, или математика.

КРЕАТИВНОСТ ВО ОБЛАСТА НА ТАЛЕНТОТ

- Постојано поставуваат прашања за сѐ и сешто,
- Честопати изнаоѓаат необичен, оригинален, паметен одговор;
- Оригиналност;
- Необична имагинација и креативност.

**Цел 2: Креирање на политики и програми за работа со талентирани ученици на ниво на училиште**

Ефективноста на одредбата за талентирани ученици во рамките на нормалните училниците во училиштето, зависи од повеќе фактори, како што се овозможувајњето соодветни ресурси и поддршка на наставниците. Развивањето и спроведувањето на диференцирани програми за учење е сложено и одзема многу време и бара целото училиште да пристапи кон тоа, бара широк систем на политика, конзистентност и ресурси. Ако овие услови се исполнети, движењето кон индивидуализација во процесот на учење нуди продуктивен начин, напредок за овие ученици.

Индивидуализацијата на учење подразбира имање подеднакво големи очекувања за учество, исполнување и успех за талентираните ученици. Индивидуализираните содржини и задачи се опишани како "растегнување за сите" со "амбициозни цели, предизвикувачки лични цели, брза интервенција да ги задржи учениците на траекторија, енергична проценка за да се провери и одржува напредокот и јасни планови за поддршка на оние кои не се или не можат да задржат траекторија." Зголемената литература за индивидуализација при учењето, се вклопува во сѐ што е напишано за стратегиите за негување на способностите на талентираните ученици. Заедничката идеја е дека образовните програми треба да бидат дизајнирани за да им овозможат на учениците да се вклучат активно во управувањето и дизајнот на своето учење.

Клучните компоненти во индивидуализираната работа со талентираните ученици вклучуваат: учење како да учат, формативното оценување во кое е ангажиран ученикот, избор на наставната програма која им обезбедува на учениците развој на индивидуални патеки на учење. Учениците и наставниците преку дружење да донесат одлуки за тоа кои страгегии на учење да ги применат во наставата, кога да употребат креативна и системска информатичката и комуникациската технологија (ИКТ), вклучувајќи и онлајн ученичка средини, како што е менторство и поддршка со што ќе се обезбеди учениците да имаат еден на еден менторски односи со наставниците.

Сето ова образложение е во насока на реализација на поставената цел, односно изградување на образовни политики за работа со талентирани ученици на ниво на училиште.

## ЗАДАЧИ И АКТИВНОСТИ

**Цел 1: Зголемување на капацитетот на знаења и вештини на наставниците за работа и откивање на талентираните ученици:**

**Задача 1:** Различни форми на едукација во вид на школи за таленторани ученици во рамките на училиштето.

**Задача 2:** Изготвување на диференцирани инструменти за следење на напредокот на талентираните ученици.

**Задача 3:** Мотивирање на талентираните учениците.

**НАПОМЕНА:** За реализација на задачите од оваа цел потребна е соработка со Бирото за образование, Министреството за образование и наука, Педагошкиот факултет во Битола, заради аплицирање на предлог проекти за спроведување на обуките за наставниците за работа со талентирани ученици. Во овој дел се нагласува и соработката со ППС, како и директорот на училиштето. Овие активности се однесуваат на учебната 2016/2017 година.

**Цел 2: Креирање на политики и програми за работа со талентирани ученици на ниво на училиште.**

**Задача 1:** Креирање на политики за индивидуализирана работа со талентирани ученици.
**Задача 2:** Креирање на програми за индивидуализирана работа со талентирани ученици.
**Задача 3:** Формирање на школите за работа со талентирани ученици.

**НАПОМЕНА:** За реализација на задачите од оваа цел потребна е соработка со Бирото за образование, Министреството за образование и наука, Педагошкиот факултет во Битола, заради аплицирање на предлог проекти за изготвување на програма за работа со талентирани ученици како и користење на индивидуализирана настава во текот на часовите со талентираните ученици. Во овој дел се нагласува и соработката со ППС, како и директорот на училиштето. Овие активности се однесуваат на учебната 2016/2017 година.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА АКТИВНОСТИ ОД ХУМАНИТАРЕН АСПЕКТ (АХА)

| СОДРЖИНА | ЦЕЛИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Предавање од областа на здравственото образование** | Подигнување на свеста за зачувување на здравјето | **СЕПТЕМВРИ** | ППС, тим за АХА | Да се подигне свеста кај учениците за зачувувањето на здравјето |
| **Хуманитарни акции во организација на Општинската организација на Црвен Крст - Недела на борба против гладта** | Поотикнување на хуманоста кај учениците | **ОКТОМВРИ** | ППС, тим за АХА, наставници | Поотикнување на хуманоста кај учениците |
| **Активности за зголемување на интересот кај учениците за членство во АХА- формирање на тим од ученици** | Поттикнување на интересите и навиките за помагање на ранливите групи | **НОЕМВРИ** | тим за АХА, наставници | Подигнување на свеста кај учениците за учество во хуманитарни организации |
| **Новогодишни хуманитарни акции** | Поотикнување на хуманоста кај учениците | **ДЕКЕМВРИ** | тим за АХА наставници | Поотикнување на хуманоста кај учениците |
| **Семинар во организација на Општинската организација на Црвен Крст Пренесување сознанија од одржаниот семинар** | Поотикнување на хуманоста кај учениците, наставниците и вработените | **ЈАНУАРИ** | тим за АХА | Стекнување на нови сознанија во врска со хуманоста како и хуманитарните акции |
| **Хуманитарни посети на локални установи** | Поттикнување на интересите и навиките за помагање на ранливите групи | **ФЕВРУАРИ** | тим за АХА | Поотикнување на хуманоста кај учениците |
| **Квиз-натпревар во организација на Општинската организација на Црвен Крст** | Да се збогатат искуствата и знаењата на учениците | **МАРТ** | ППС, тим за АХА, Црвен Крст | Дружење и споделување на знаењата на учениците и поттикнување на натпреварувачкиот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | дух |
| **Меѓусебни средби со членови на други друштва во Општина Битола Посета на Општинската организација на Црвен Крст - Битола** | Да се збогатат искуствата и знаењата на наставниците | **АПРИЛ** | ППС, тим за АХА, Црвен Крст | Дружење и споделување на искуства |
| **Организирање општински натпревар по прва помош Анализа на годишната работа** | Да се развие натпреварувачкиот дух | **МАЈ** | ППС, тим за АХА, Црвен Крст | Поттикнување на натпреварувачкиот дух |

**ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛАТА УЧЕБНА ГОДИНА, УЧЕНИЦИ УЧЕСТВУВААТ НА РАЗЛИЧНИ КОНКУРСИ ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА ОПШТИНСКИОТ ИЛИ ДРЖАВНИОТ ЦРВЕН КРСТ.**

## ПРОГРАМА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО СОЦИЈАЛНИТЕ И ЕМОЦИОНАЛНИТЕ ПРОБЛЕМИ НА УЧЕНИЦИТЕ

| Р. БР. | ЦЕЛИ | СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОРИ СОРАБОТНИЦИ | ФОРМИ НА РАБОТА | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕСУРСИ | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | **Идентификација на учениците со емоционални или социјални проблеми поради препознавање и понатамошен специфичен третман** | **Идентификација на ученици кои имаат емоционални или социјални проблеми од новозапишаните ученици во училиштето** | Директор, стручни соработници, наставници | Индиви-дуална Тимска работа | На почетокот, а по потреба и преку целата учебна година | Опсервација разговори, цртежи и слично | Поуспешна социјализација на сите ученици во паралелката |
| 2. | **Проширување на сознанијата и искуствата со релевантните фактори од училиштето за учениците со емоционални или социјални проблеми поради препознавање и понатамошен специфичен третман** | **Дискусија за сознанијата и впечатоците на состаноците на: -одделенските совети -стручните активи** | Директор, стручни соработници, наставници | Тимска работа | На почетокот, а по потреба и преку целата учебна година | Записници од состаноците на одделенскит е совети и стручните активи | Поуспешна социјализација на сите ученици во паралелката преку проширување на информациите |
| 3. | **Проширување на сознанијата за учениците со емоционални или социјални проблеми, проценување на ситуациите во домашната средина и третманот на детето** | **Разговори и советодавна работа со родителите за дијагностицирање на причините за појавување на проблемите со социјален и емоционален карактер** | Директор, стручни соработници, наставници родители | Индиви-дуализирана работа Тимска работа | Преку целата учебна година | Записници во соодветни тетратки | Интеракција и заедничка работа за успешно разрешување на проблемите |
| 4. | **Водење на соодветна и потребна документација за полесно следење на учениците со емоционални или социјални проблеми** | **Водење на соодветни формулари и посебен третман за континуирано следење на учениците со емоционални или социјални проблеми** | Директор, стручни соработници | Индиви-дуална Тимска работа | Преку целата учебна година | Класер и формулари за следење на овие ученици | Успешна реализација на активностите, поголема информиранос т |
| 5. | **Водење на соодветна и** | **Посета на часови за** | Директор, | Тимска работа | Преку целата | Класер и | Можности за |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **потребна документација за полесно следење на учениците со емоционални или социјални проблеми, како и согледување на индивидуалните специфични проблеми во природни услови** | **идентификување, дијагностицирање и изнаоѓање соодветни методи за помош на учениците со емоционални или социјални проблеми по опсервацијата во реалната средина** | стручни соработници наставници | | учебна година | формулари за слење на часови од редовната настава со акцент на овие ученици | поуспешна реализа-ција и консултации, разрешување на одредени дилеми |
| **6.** | **-Успешно подготвување на наставничко портфолио -Анализа на потребните материјали** | **Договорени редовни средби со учениците за советодавни инструкции, давање стручна помош, секојдневни или периодични по потреба** | стручни соработници | Индивидуална советодавна работа | Преку целата учебна година | Соодветни записници од портфолио (класер) | Разрешување на одредени дилеми, примери за добра пракса |
| **7.** | **Стручно и законски поддржано советување на родителите за типови родителство** | **Школа за родители** | психолог | Групна советодавна работа | По тримесечија | Соодветни записници | Препознавање на квалитетно родителство |
| **8.** | **Стручно и законски поддржано советување на ученици за подигање на самодовербата и самоспознавање** | **Групно советување на ученици кои покажуваат социо-емоционални проблеми, а резултираат со неприлагоденост во средината или слаб успех** | психолог | Групна советодавна работа | По тримесечија | Соодветни записници | Стручна помош при разрешување на лични проблеми преку работа во група |

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ТИМОТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Евалуација на усвоената(важечка) Програма за Активностите на тимот од 2015/16 година** | септември 2016 г. | Тим за професионално насочување на учениците | Метода-SWOT анализа на постоечката програма<br>Постапка-Утврдување на настанатите промени релевантни за подготовка на планот | Цел: Усогласување на Планот во сообразност со актуелните релевантни услови од опкружувањето<br>Ефект: Соодветен одговор на актуелните предизвици |
| **Ревизија на Програмата и планот согласно извршената евалуација** | октомври 2016 г. | Тим за професионално насочување на учениците | Метода-Споредба<br>Постапка-Усогласување | Цел: Ажурирање на воочените промените<br>Ефект: |
| **Запознавање со Програмата** | ноември 2016 г. | Тим за професионално насочување на учениците | -Презентација<br>-Демонстрација | Цел:Запознавање со промените во Програмата<br>Ефект: Со цел дефинирање на поединечните улоги |
| **Работилницанаодделенскичас на тема: „Штосакамдабидамкогаќепораснам“-одделенска настава** | декември 2016 г | Одделенски наставник и ученик | Фронтална, усно изразување | Изнесување на ставови и размислувања за видови професии, |
| **Анкетазавременаодделенскичасна тема: „Кадебисакаледагопродолжитесвоетообразование“-предметна настава** | Февруари, 2017 г. | Одделенски раководител ,ученици и ученици членови на Тимот | Фронтална,анкетирање | Откривање на најпримамливата професија за учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Организирање на работилница со учество на претставници на најатрактивните средни училишта во нашата општина, според мислењето на учениците** | март, 2017г. | Тим за професионално насочување на учениците,ученици | Презентазија и дебата | Потврдување или негирање на позитивните и негативните страни фаворизираните средни училишта во општината |
| **Организирање на Отворениденови-посета на ученици и наставен кадар одсредните училиштаво општината** | април, 2017г. | Тим за професионално насочување на учениците, педагог, психолог и ученици | Презентација и дебата | Запознавање на учениците со условите за работа, можностите и перспективите на училиштето кое се презентира. |
| **Евалуацијанаспроведенитеактивности** | мај 2017 г. | Тим за професионално насочување на учениците | SWOT анализа | Отстранување на аномалиите и недостатоците |

**ЦЕЛИ:** Професионално насочување на учениците во понатамошното школување.

Изработиле:СоњаКузманова- координатор

ЛенчеКрстевска
БилјанаЦветковска
БојанаДимовска
БилјанаПечипајковска
Весна А. Димитровска

## БЕЗБЕДНОСТ- ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ -ПРВА МЕДИЦИНСКА ПОМОШ

| ПЛАНИРАНИ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОР | МЕТОДИ И ПОСТАПКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЦЕЛИ И ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Евалуација на усвоената (важечка) Програма за активностите на тимот од 2015/16 година** | септември 2016 г. | Тим за заштита и спасување | Метода-SWOT анализа на постоечката програма Постапка-Утврдување на настанатите промени релевантни за подготовка на планот | Цел: Усогласување на Планот во сообразност со актуелните релевантни услови од опкружувањето Ефект: Соодветен одговор на актуелните предизвици |
| **Ревизија на Програмата и планот согласно извршената евалуација** | октомври 2016 г. | Тим за заштита и спасување | Метода-Споредба Постапка-Усогласување | Цел: Ажурирање на воочените промените Ефект: |
| **Запознавање на вработените со Програмата** | ноември 2016 г. | Тим за заштита и спасување | -Презентација -Демонстрација | Цел:Запознавање на вработените со промените Ефект: Со цел дефинирање на поединечните улоги во претпоставена ситуација |
| **Тестирање на знак ѕвоно, потсетување на учениците и вработените преку разглас** | декември 2016 г | Тим за заштита и спасување | Симулација на елементарна непогода | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарни непогоди |
| **Вежбовна активност на Тимот за заштита од пожари – одделенска-предметна настава.** | февруари, 2017 г. | Тим за заштита и спасување | Демонстрација | Правилна и брза реакција на Тимот за заштита од пожари |
| **Вежбовна** | март,април, | Тим за заштита | Симулација | Навремено |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **активност и евакуација – одделенска - предметна настава** | 2017г. | и спасување | | напуштање на училишната зграда |
| **Евалуација на спроведените активности** | мај 2017 г. | Тим за заштита и спасување | SWOT анализа | Отстранување на аномалиите и недостатоците |

**ЦЕЛИ:**

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди;
- Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода;
- Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација
- на повредените.

## ПОЗИТИВНА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА

Во нашето училиште ќе се изготват содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот раководител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручната служба, во соработка со родителите. Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Ќе се изготват и планови и интерактивни работилници за родителите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стучната служба во училиштето.

Целта е да се обезбеди почитување на личноста, негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност, еднакво и без прдрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите.

Изготвувањето и планирањето на интерни обуки ќе боде во соработка со БРО, Центарот за социјална работа како и со високообразовните институции, за поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на наведените содржини, како и финансиски план за реализирање.

Еколошки акции и кампањи ќе се организраат како дел од еколошката програма со цел да се промовираат еколошките активности во пошироката заедница, да се подигне свеста и да се вклучат поголем број ученици, деца, вработени, родители, медиуми и сл.

## 13. ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Здравје е состојба на целосна физичка, психичка и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест или на телесни недостатоци.

Имајќи го во предвид доброто здравје и општата благосостојба на вработените, училиштето има формирано посебен тим за грижа на здравјето и истиот има план и активности кои ги извршува со цел да се врши следење на споменатата состојба на вработените во текот на учебната година. Во тој дел, се извршуваат санитарни прегледи на вработените во текот на месец септември во соработка со ЈЗУ – Битола.

Децата од училишна возраст се посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени. Училиштето има обврска да води грижа за здравјето на учениците и да ги информира за важноста на здравјето во целина и тоа:

- ***за физичкото здравје***: лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуални болести, безбедност и прва помош, дрога, алкохол, пушење и физички вежби.
- ***психичко здравје***: развивање на самодоверба, самопочитување на различностите, толеранција самокритичност итн. Пешачењето игра важна улога во физичкото здравје, тоа исто така, игра голема улога во менталното здравје кај човекот, го ублажува стресот, ја намалува депресијата и му помага на мозокот да се релаксира.
- ***социјално здравје***: грижа за здрава средина, комуникација одговорност, одржување добри односи на сите релации. Некои задачи и содржини од ова подрачје се реализираат и по одделни наставни предмети ( физичко и здравствено образование, биологија), животни вештини и некои ученички активности.

Во рамките на ова подрачје се организираат и систематски прегледи на учениците, се за хигиенските услови во училиштето, спортските активности и сл.

### СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ

**Возраст на вршење на систематски прегледи:** Задолжителни систематски прегледи се вршат во 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо одделение.

Содржина на систематскиот преглед:

**1.Општ лекарски преглед:**

- мерење на телесната тежина и висина; - преглед на кожата;
- согледување на постоење на деформитети на локомоторниот систем;
- општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем);
- испитување на вид;
- давање препораки за понатамошни специјалистички прегледи доколку е потребно;
- прибирање на податоци од наставниците и психологот за успехот и однесувањето на ученикот и давање потребни совети;
- контрола на извршените вакцинации и ревакцинации и преземање мерки за комплетирање на вакциналниот статус.

**2. Лабораториски преглед**

- хемоглобин во крв и

- албумен и билирубин во урина

**3. Стоматолошки преглед**

- контрола и евиденција на сосѕојбата на забалото (млечни, трајни заби, кариес, екстакција и пломба индекс);
- откривање на деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците.

## ВАКЦИНИРАЊЕ

Вакцинирањето се врши во Здравствениот дом, а се опфатени учениците на возраст од:

- 6 години (I одделение): Мали сипаници, рубеола, заразни заушки (1 доза) - I ревакцинирање;
- 7 години (II одделение ): Туберкулоза ( со тестирање ) ( 1 доза ) , Детска парализа (1 доза ), дифтерија, тетанус (1 доза ) - I ревакцинирање, II ревакцинирање; III ревакцинирање;
- 12 години, 2 и 6 месеци после првата доза ( VI одделение ), Инфекции со хуман папилома вирус ( HPV) ( само за девојчиња ) ( 3 дози ) – вакцинирање;
- 14 години ( завршна година на основно училиште ) Рубеола ( само девојчиња ) ( 1 II ревакционирање доза ); Детска парализа ( 1 доза ) ; Дифтерија, тетанус ( доза ); III ревакцинирање; IV ревакцинирање.

Одговорни лица од училиштето се директорот (кој договара за времето на реализација ) и оделенскиот раководител. Наведените активности ќе се реализираат според програма за грижа за здравјето на учениците:

## ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

| СОДРЖИНА НА АКТИВНОСТИ | ОДД | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОРИ |
|---|---|---|---|
| **Осигурување на учениците** | I-IX | септември | училиште |
| **Предавање од областа на сообраќајната култура: Почитувај ги правилата, почитувај го животот** | I- IX | септември | наставници |
| **Превземање на мерки и едукација за намалување на фактори на ризик од заразни болести и болести на завист** | I- IX | тековно | Сите субјекти вклучени во воспитно образовниот процес |
| **Систематски прегледи на учениците** | I,III,V VII | ноември, март | Здравствен дом |
| **Редовен стоматолошки преглед за учениците и предавање за забите** | I – IX | септември , март | Стоматолошка ординација |
| **Редовно генерациско вакцинирање на учениците** | I- IX | септември, мај | Здравствен дом |
| **Превенција од злоупотреба на психотропни супстанции - ОЖВ** | I- IX | април | Одделенски раководители |
| **Предавање: Влијание на храната врз физичкиот и психосоматскиот развој на** | I- IX | септември, мај | Центар за јавно здравје или Факултет за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **децата – Еко градина Климентина, ОЖВ** | | | биотехнички науки, наставници |
| **Работилница: Водење грижа за личната хигиена ОЖВ** | I- IX | мај | Одделенски раководители |
| **Градење позитивен однос кон растенијата и животните** | I- IX | континуирано | Одделенски раководители, тим задолжен за Еко-градината |
| **Работилница: Вода** | I- IX | март | Стручно лице |
| **„ Психички промени во пубертетот “** | VI-IX | март | Психолог |
| **Одржување на хигиената во домот и училиштето** | I- IX | октомври | Одд. наставници Животни вештини |
| **Превентивни мерки од инфективни заболувања** | I - IX | мај | НВО, Црвен крст |
| **Прва помош и заштита** | VI-IX | мај | Црвен крст |

Изработиле:
С.Захариева
Н. Лавчанска
А. Димитров

## 14. УЧИЛИШНА КЛИМА И КУЛТУРА

### ДИСЦИПЛИНА

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени.

Во текот на учебната 2015/2016 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Исто така, во паралелките климата ќе биде работна, опуштена и поттикнувачка, а со однесувањето на наставникот учениците ќе се охрабруваат за позитивни и повисоки постигнувања.

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесување. Изготвени се кодекси за должностите и обврските на наставниците, учениците и родителите и истите се поставени на видно место во училиштето.

Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите и истите поднесуваат дневна евиденција. Ќе се изготви распоред, кој без исклучок ќе се следи и спроведува. Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазли и секако во училишниот двор. Исто така, ќе се ангажираат одговорни ученици за следењето на сите збиднувања во училиштето за време на одморите кои ќе водат евиденција за тековните настани

### ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

Сите вработени во училиштето се задолжени да придонесат за уредувањето на истото, сè со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците придонесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако, со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни активности чија реализација напоредно бара соодветно уредување. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно-образовниот процес. Затоа на истото му се посветува доволно внимание. За таа цел, ќе се формира комисија за избор за најдобро функционална (еко) училница.

Освоените награди на учениците ќе им послужат за поттик секоја година да бидат сè подобри во уредувањето на својата училница, а со тоа и во општиот изглед на училиштето.Училиштето ќе назначи тим кој ќе ги планира, организира и следи активностите за естетското уредување.

## ЕТИЧКИ КОДЕКСИ

Во нашето училиште се изготвени кодекси на однесување за сите субјекти напоредно:

- Правилник за однесување на наставниците во училиштето;
- Правилник за однесување на учениците во училиштето;
- Правилник за однесување на родителите во училиштето.

Истите се поставени на видно место во училиштето и без исклучоци се почитуваат.

Во текот на оваа учебна година ќе се изработи Кодекс за професионално однесување и комуникација меѓу вработените во училиштето.

Земајќи го предвид фактот дека нашето училиште е добитник на Зеленото знаме и има изработено Екокодекс, особено вниманиена се посветува во подигнувањето на свеста кај учениците и вработените за зачувување и унапредување на животната средина во која опстојуваат. Екотимот за уредување на училишниот двор ќе изврши дополнување на Екокодексот со правила за однесување во екоградината Климентина и екоучилницата во природа.

| ПРЕДВИДЕНИ АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|
| **Разгледување, ревизија и надополнување на кодексите за однесување на наставниците, родителите и учениците** | одделенски раководители | септември 2016 | Почитување на кодексите за однесување и подобрување на училишната клима; |
| **Изработка на Кодекс за професионално однесување и комуникација меѓу вработените во училиштето** | тим од наставници | септември/октомври 2016 | Почитување на кодексот за професионално однесување и комуникација меѓу вработените во училиштето; |
| **Изготвување распоред и евидентна книга за дежурства на наставниците** | ППС | септември 2016 | Вклученост на сите наставници во спроведување на редот и дисциплината во училишниот ходник; |
| **Формирање патроли од ученици за следење и евидентирање на тековните збиднувања за време на одморите** | тим од ученици и наставници | септември 2016 | Подобрување на дисциплината, одговорно и совесно однесување на учениците; |
| **Следење и оценување на естетскиот изглед и хигиената во училниците, училишниот двор, спортската сала** | екопатроли од ученици | во текот на учебната година еднаш неделно | Подигнувањето на свеста кај учениците и вработените за зачувување и унапредување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | животната средина; |
| **Активности за разубавување на јужниот влез на училиштето** | тим од наставници по ликовно образование и ученици | август/септември 2016 | Подигнување на свеста кај учениците за естетско и функционално уредување на училиштето. |

## МУЛТИКУЛТУРАЛИЗАМ

Проектот за Мултиетничка интеграција  во образованието во нашето училиште се реализира со партнер училиштата: ОУ „Панајот Гиновски“ од Бутел, Скопје и ОУ„Санде Штерјоски“ од Кичево. Преку истиот, се овозможува соработка меѓу училиштата. Се негува и развива мултикултурализмот, се надминуваат предрасудите и стереотипите помеѓу различните етнички заедници,  се добиваат знаења и разбирања за меѓусебните етнички односи. Придобивките од проектот се: доближување, надминување на различностите и добивање трајни вредности почит, пријателство, соработка и градење соживот во иднина.

## ПРОГРАМА ЗА  АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОЕКТОТ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО

| ПОГЛОБАЛНИ АКТИВНОСТИ | ОЧЕКУВАН РЕЗУЛТАТ/ПРОДУКТ | (ПРЕД)УСЛОВИ | РЕАЛИЗАТОРИ | ТЕРМИН (ОД/ДО) |
|---|---|---|---|---|
| **Резиме на ПМИО активностите од 2015/2016 год.** | Изработка на извештаи за активностите од членовите на ПМИО тимот.<br>Сертификација на наставниците | • договорна средба на членовите на СИТ-от<br>• договор помеѓу СИТ – от и наставниците | Членови на училишниот тим<br>Членови на училиштен тим и наставници | август  2016 год.<br>септември – ноември 2016 год. |
| **Состаноци помеѓу членовите на СИТ-от и наставниците** | Обезбедување поддршка од страна на членовите на тимот за изработка на часовите во кои се вградени активности од ПМИО.<br>Изработка на критериуми со чек листа за успешно реализирање на часовите. | • Договорни и тековни средби помеѓу наставниците и членовите на тимот<br>• определување на тим за изработка на чек листа за следење | Членови на училишниот тим  и  наставници | септември — јуни 2016/2017 |
| **Консултации со партнер училиштето за договарање за заеднички активност** | Планирање за соработка и комуникација меѓу партнерските училишта<br>интернет и Skype комуникации и договорни средби во живо помеѓу партнер училиштата.<br>Планирање на заеднички екскурзии, посета на часови и други ПМИО | • контактирање со  партнер училиштето<br>• обезбедена согласност од страна на наставниците, родителите и Училишниот одбор за активно вклучување со партнер училиштето. | Членови на училишниот тим  и  наставници | септември — јуни 2016/2017 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | активности. | | | |
| **Вклучување на родителите, општината и заедницата во активностите на ПМИО во училиштето** | Обезбедување на согласност за учество на учениците<br>Покренување на иницијативи за заеднички активности<br>Соработка на родителите, општината и заедницата со училиштето | • Одржување на состаноци на родителите со директорот, ППС, наставниците и членовите на СИТ-от.<br>• Донации за спроведување на ПМИО активностите<br>• Писмена согласност на родителите за учество на учениците во ПМИО активностите на училиштето<br>• Родителите ќе помагаат во кординација со своите деца, со давање на насоки за информации, упатства кон соодветни институции кои се занимаваат со дејности од областа на етнологијата и слични гранки.<br>• Општината ќе се вклучи со финансиска подршка и во организационата подготовка при договарање на средбите со партнер училиштето и посредник во договарањето сосоодветни институции.<br>• Заедницата ќе се вклучи со располагање на културно | Директор, ППС, членови на училишниот тим и родители, претставници од општината и заедницата. | септември — јуни 2016/2017г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | уметнички друштва, музеи, простории и културно-историското наследство на самата заедница. | | |
| **Активности за промена на иконографијата на училиштето** | Изработки на Постер презентации, слики, текстови закачени на ѕидовите во холовите на училиштето кои го одразуваат мултиетничкиот карактер на заедницата и на целата земја. | • Изработки од секции, проекти, спортски активности, презентации, приредби, екскурзии, заеднички наставни часови, взаемни посети на партнерските училишта | Стручни активи, сите наставници, ученици, ППС и директор | септември — јуни 2016/2017 |
| **Самоевалвација за превземените активности по стручни активи** | Извештаи за спроведените активности од стручните активи.<br>обезбедена е евиденција и докази за спроведените самостојни активности на училиштето и на заедничките активности со партнер училиштето/ата | *наставниците водат портфолио во кое собираат успешни практики и прават рефлексија и анализа од спроведените активности | Стручни активи - сите наставници | септември — јуни 2016/2017 |
| **Следење на реализацијата на активностите** | месечни извештаи од реализацијата на планираните активности подготвени од страна на тимовите реализатори и доставени до СИТ-от<br>заеднички информатор (на месечно ниво) со партнер училиштето/ата за реализацијата на заедничките активности подготвени од СИТ-овите<br>континуирано истакнување информации на табла во наставничка канцеларија за реализацијата на активностите | *подготовени инструменти за мониторинг на реализацијата на активностите (секое подрачје на активност има свој инструмент за мониторинг со клучни точки за следење)<br>континуирани средби на тимовите на кои се дискутира за реализацијата на активностите<br>редовна комуникација со СИТ-от од партнер училиштето/ата (најмалку на месечна база) | Стручни активи - сите наставници | септември -Јуни – 2016/2017г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Самоевалуација на училиштето** | извештај од резултатите добиени со примена на прашалникот за самоевалуација на наставниците, ученици и родители<br>извештај за тоа како реализацијата на МИО активностите придонела за подобрување на состојбата | *пополнет прашалникот за самоевалуација од страна на наставниците, ученици и родители<br>• учество на наставникот по информатика во обработката на одговорите дадени на прашалникот | Стручни активи - сите наставници | септември -Јуни – 2016/2017 год. |
| **Промоција на реализираните активности** | Изработка на брошури, постери за реализација на ПМИО активностите<br>најмалку еден промотивен настан на училишно ниво за презентација на активностите пред управата, наставниците, учениците и родителите<br>најмалку еден промотивен настан на ниво на општина за презентација на активностите пред општината и клучните образовни институции<br>континуирано ажурирање на информации на порталот за МИО на училишната веб страница | • подготвен промотивен материјал (постери, брошури и/или други материјали) што го прикажуваат процесот и продуктот од реализираните активности<br>• поканети гости на настанот<br>• отворен МИО портал на веб страницата на училиштето | Стручни активи - сите наставници | јуни – 2017 год. |
| **Реализирање на проектни заеднички активности кои се планирани со парнер училиштето** | Заеднички истражувачки проект „Посета на верски објекти“.<br>Заеднички истражувачки проект „Истражување на различните култури во Република Македонија“ (интернет, книги, списанија).<br>Заеднички истражувачки проект „Свадбени обичаи“ со возрасна група.<br>Заеднички истражувачки проект „Обичаи и храна на македонска, ромска и албанска националност“. | • Добивање на знаења за различниоте религии, верски објекти од етничките заедници, различните култури, јазикот, историјата, заедништвото, науката , уметноста, нациналните обележја на националностите, верските празници, обичаи и храната која се подготвува за време на празниците, почитување на | Директор, ППС, членови на училишниот тим и родители, претставници од општината и заедницата. | мај - јуни 2017 год. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | различни религии. Запознавање со верски објекти од двете етнички заедници.<br>• Договор за меѓусебна соработка меѓу двете училишта.<br>• Комуникација со партнер училиштето, во живо и преку интернет врски.<br>• Формирање на тимови, потребен материјал, прибор за работа, насоки за активностите, избор на ученици, просторија со компјутери, презентации, и други изработки од учениците. | | |

**Препораки за учебната 2016/2017 година**

Со проектот се продолжува и во следната година со ист интензитет – изработка на часови било во склоп на редовната настава, во склоп на воннаставните активности, за одбележување на свечености во училиштата како и на часовите од Животни вештини. Сертификацијата е извршена само кај некои наставници кои аплицираа до 15 ноември 2015 год, но поради продолжување на Проектот ПМИО, сертифицирањето е продолжено до 15-ти ноември 2016 година и се очекува поголем број наставници да се сертифицираат.

Напомена: Програмата е изработена за во текот на учебната 2016/2017 година.

Сертификацијата, а и Проектот МИО е предвиден до ноември во учебната 2016/2017година. Предлог содржините за програмата за реализација на истата можат да претрпат измени во текот на годината.

Дата: Изработил:

август 2016 год Тим за ПМИО

кординатор на проектот:

. Славица Костевска

**Анализа на податоците од самопорценка од страна на СИТ-от**

**Членовите на СИТ-от и дополнителните членови од училишниот кадар прават анализа и дискутираат за нивните индивидуални проценки според следните чекори:**

- Индивидуалните проценки се запишуваат во Табела 1.
- Индивидуалните проценки за трите подрачја меѓусебно се споредуваат.
- Се идентификуваат индикаторите во кои проценките се многу слични или се разликуваат за две или повеќе оценки. Се разговара која е причината за различните оценки имајќи го во предвид описот на индикаторот. .

**Дискусија со членовите на СИТ-от и дополнителните членови од училишниот кадар за следните прашања:**

1.Дали има некој дел во кој резултатите се поконзистентни?
2.Дали има некој дел во кој резултатите се помалку конзистентни?
3.За кои индикатори вашите проценки се ниски?
4.За кои индикатори вашите вашите проценки се високи?
5.Кои се подрачјата/индикаторите на кои треба да се стави фокусот, со цел одржување на позитивните промени во иднина и надминување на слабостите.

| **ПОДРАЧЈЕ 1: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Индивидуални резултати од самопроцenка на СИТ-от и други учесници** | | | | | | | | | | | | | | **Просек за индикатор** | **Коментари** |
| **Бр.** | **Индикатор** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | **7** | **8** | **9** | **10** | **11** | **12** | **13** | **14** | **вкупно** | | |
| 1 | | 0 | 0 | 2 | 1 | 4 | 7 | | | | | | | | | 72 | 5,14 | |
| 2 | | 0 | 0 | 0 | 1 | 6 | 7 | | | | | | | | | 76 | 5,43 | |
| 3 | | 0 | 0 | 0 | 1 | 5 | 8 | | | | | | | | | 77 | 5,70 | |
| 4 | | 0 | 0 | 1 | 0 | 9 | 4 | | | | | | | | | 72 | 5,14 | |
| 5 | | 0 | 0 | 1 | 0 | 7 | 6 | | | | | | | | | 72 | 5,14 | |
| 6 | | 0 | 0 | 0 | 3 | 6 | 5 | | | | | | | | | 72 | 5,14 | |
| | **Вкупно:** | | | | | | | | | | | | | | | | 31,5 | |
| | **Просек на тимот:** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **ПОДРАЧЈЕ 2: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И УЧИЛИШНИ ПОЛИТИКИ/ПРОЦЕДУРИ** | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | | Индивидуални резултати од самопроценка на СИТ-от и други учесници | | | | | | | | | | | | | | | Просек за индикатор | Коментари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. | Индикатор | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | | | |
| 1 | | 0 | 0 | 0 | 4 | 5 | 5 | | | | | | | | | 71 | 5,07 | |
| 2 | | 0 | 0 | 0 | 1 | 9 | 4 | | | | | | | | | 73 | 5,21 | |
| 3 | | 0 | 0 | 0 | 2 | 7 | 5 | | | | | | | | | 73 | 5,21 | |
| 4 | | 0 | 0 | 0 | 2 | 7 | 5 | | | | | | | | | 73 | 5,21 | |
| Вкупно: | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Просек на тимот: | | | | | | | | | | | | | | | | | 20,71 | |
| ПОДРАЧЈЕ 3: НАСТАВА И УЧЕЊЕ И КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА МИО | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | Индивидуални резултати од самопроценка на СИТ-от и други учесници | | | | | | | | | | | | | | | Просек за индикатор | Коментари |
| Бр. | Индикатор | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | | | |
| 1 | | 0 | 1 | 3 | 0 | 5 | 5 | | | | | | | | | 66 | 4,71 | |
| 2 | | 0 | 0 | 2 | 2 | 4 | 6 | | | | | | | | | 70 | 5 | |
| 3 | | 0 | 0 | 0 | 3 | 5 | 6 | | | | | | | | | 68 | 4,85 | |
| 4 | | 0 | 0 | 0 | 2 | 7 | 5 | | | | | | | | | 73 | 5,21 | |
| 5 | | 0 | 0 | 1 | 4 | 4 | 5 | | | | | | | | | 69 | 4,93 | |
| Вкупно: | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Просек на тимот: | | | | | | | | | | | | | | | | 346 | 24,71 | |

| Училиште: | Датум: | | |
|---|---|---|---|
| ПОДРАЧЈЕ: | Максимален резултат | Просек на тимот | Минимален резултат |
| – УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО | 36 | 31,50 | 6 |
| – УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И УЧИЛИШНИ ПОЛИТИКИ/ПРОЦЕДУРИ | 24 | 20,71 | 4 |

| Училиште: | Датум: | | |
|---|---|---|---|
| – НАСТАВА И УЧЕЊЕ И КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА МИО | 30 | 24,71 | 5 |
| **Вкупно** | **90** | **76,92** | **15** |

**Идентификување на клучни приоритети за МИО**

Училишното планирање помага да одговориме на прашањата „На што ќе се фокусираме сега?“ и „Што ќе оставиме за подоцна?“ По дискусиите во тимот и анализата на доказите, можете да ги утврдите приоритетите во сите три подрачја.

За **идентификуваните силни страни**, утврдете какви стратегии и активности ќе имплементирате за да ги одржите истите и во иднина.

**За идентификуваните слаби страни, т.е аспектите за подобрување,** утврдете какви стратегии и активности ќе имплементирате за да се постигнат целите за подобрување.

Одредете го бројот на приоритетите според анализата за самопроценка и вашите потреби при планирањето на идни активности за унапредување на МИО и за одржливост на постигнатите промени.

**Табела 2 – Приоритети за планирање на активности за унапредување на МИО**

| КАТЕГОРИЈА | Цели | Можни стратегии и активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ 1: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО** | | | |
| **Силни страни (за одржливост на позитивните промени)** | | | |
| 1.Учениците соработуваат и активно учествуваат во активностите поврзани со училишното секојдневие и донесување одлуки. | Учениците со различен социо-економски статус, пол, етничка или верска припадност и способност имаат рамноправен третман во училиштето | Почитување за меѓусебно разбирање, толеранција, недискриминација, и прифаќање на различностите. Преку Пазар на можности, патронатот на училиштетои фестивал на драма во училиштето. | Во текот на прво полугодие во учебната 2016-2017 год. |
| **Слаби страни (аспекти за подобрување)** | | | |
| 1.Родителите и членовите на заедницата да соработуваат и да се вклучени во активностите за унапредување на МИО | Училиштето да планира и организира активности за запознавање на сите родители со МИО активностите на училиштето. | Да се прават работилници, предавање, заеднички излети, посета на знаменитости, изработка на нагледни средства и сл. | Во текот на прво полугодие во учебната 2016- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| активностите во училиштето. | | | 2017 год. |
| **КАТЕГОРИЈА** | **Цели** | **Можни стратегии и активности** | **Време на реализација** |
| **ПОДРАЧЈЕ 2: УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И УЧИЛИШНИ ПОЛИТИКИ/ПРОЦЕДУРИ** | | | |
| **Силни страни (за одржливост на позитивните промени)** | | | |
| 1.На редовна основа се собираат различни податоци за да се следи успехот во реализацијата на МИО и да се одредат развојни приоритети. | Училиштето (во координација на СИТО –от) систематски ги документира, анализира и споделува согледувањата од самоевалвацијата и рефлексијата на наставниците од реслизацијата на активностите на МИО (според формуларите дадени во Процедурата за сертификација за МИО). | Преку продолжување на МИО активностите понатаму во учебната година, со изработка на портфолија од наставниците за реализирани МИО часови, посета на отворени МИО часови како и сертификација на наставници кои не се сертифицирале во предходниот период. | Особено во текот на прво полугодие во учебната 2016-2017 год. |
| **Слаби страни (аспекти за подобрување)** | | | |
| 1.Училишните политики/ процедури не ги отсликуваат доволно вредностите на МИО. | Покрај што училиштето има јасни политики/процедури за почитување на вредностите за МИО – активностите сите во училиштето не се запознаени со политиките/процедурите бидејќи се обврзни да ги почитуваат и соодветно да реагираат во случај на отстапување. | Во новата учебна година 2016/2017 год секој наставник кој нема изготвено личен план за професионален развој за МИО активности да изготви. | Август – септември 2016/2017 год. |

| КАТЕГОРИЈА | Цели | Можни стратегии и активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| **ПОДРАЧЈЕ 3: НАСТАВА И УЧЕЊЕ И КОМПЕТЕНЦИИ НА НАСТАВНИЦИТЕ ЗА ПРАКТИЧНА ПРИМЕНА НА МИО** | | | |
| **Силни страни (за одржливост на позитивните промени)** | | | |
| 1.Наставниците употребуваат различни приоди на следење и проценка на напредокот кај учениците за МИО. | Наставниците го следат напредокот на развивање на компетенциите на учениците за МИО им даваат повратни информации и ги потикнуваат /насочуваат пркатично да ги применуваат овие компетенции. | Продолжување на активностите и реализирање на планираните акциони планови. | Во годишното планирање на наставниците за 2016/2017 год. |
| **Слаби страни (аспекти за подобрување)** | | | |
| 1.Отежната реализација на меѓу училишни активностите за меѓуетничка интеграција во секојдневната практика и вонннаставните активности. | Наставниците да можат да спроведуваат повеќе заеднички активности со директен контакт меѓу учениците од различни етнички заедници. Поради што сме еднојазично училиште а партнер училиштето е географски подолго одделено од нашето училиште. | Планирање на екскурзии и други активности внесени во годишната програма на училиштето. | Годишно планирање на училиштето. |

## ОДНОСИ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ

Вклучување на родителите, општината и заедницата во активностите на ПМИО во училиштето

- Одржување на состаноци на родителите со директорот, ППС, наставниците и членовите на СИТ-от;
- Донации за спроведување на ПМИО активностите;
- Писмена согласност на родителите за учество на учениците во ПМИО активностите на училиштето;
- Родителите ќе помагаат во кординација со своите деца, со давање насоки за информации, упатства кон соодветни инстутуции кои се занимаваат со дејности од областа на етнологијата и слични гранки;
- Општината ќе се вклучи со финансиска поддршка и во организационата подготовка при договарање на средбите со партнер училиштето и посредник во договарањето со соодветни институции;
- Заедницата ќе се вклучи со располагање на културно - уметнички друштва, музеи, простории и културно-историското наследство на самата заедница;
- Сертификација на изработените портфолија на наставниците за реализирани активности.

## ПРОГРАМА ЗА ПРОВЕРКАТА НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ДНЕВНИЦИ

| АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ Извештаи | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на <u>II, III и V одд.</u> за 2016/2017 год.** | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Гордана Анастасова<br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на <u>I и IV одд.</u> за 2016/2017 год.** | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Снежана Стојанова<br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на <u>VI-то одд.</u> за 2016/2017 год.** | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Ленче Крстеска<br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VII одд. за 2016/2017 год.** | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Александар Јаневски<br><br>Контролор: Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на VIII одд. за 2016/2017 год.** | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Стефанија Трајковска<br><br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |
| **Извештаи за извршена внатрешна контрола на внесени податоци во Е-дневникот за советот на IX одд. за 2016/2017 год.** | Изработка на извештаи:<br>- седмично од месец октомври до јуни<br>- извештаи на тримесечие (прво, трето)<br>- полугодишен извештај (јануари)<br>- годишен извештај (јуни) | *Прегледувач:* Катерина Трајковска<br>*Контролор:* Славица Костевска | Од септември 2016 год. до јуни (август) 2017 год. |

## ОДНОСИ МЕЃУ СИТЕ СТРУКТУРИ

Училиштето никогаш не би можело да се издигне на ниво на вистински дом изграден на темелот на правилни вредности и принципи доколку не би имало соработка меѓу сите фактори вклучени во него. За таа цел во нашето училиште се организираат многубројни активности и за секоја од нив се одржуваат заеднички состаноци каде се предлагаат комисии за реализација на активноста и давање идеи и предлози за подобрување на комуницискатa соработка на сите структури во училиштето.

| ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ | ЦЕЛИ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗА-ЦИЈА | ОЧЕКУВАНИ ЕФЕКТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Прием на првачињата во Детската организација на Македонија** | По повод Денот на детето и Детската недела да им се посвети посебно внимание на децата во Р.Македонија со цел да се види што е направено и што треба да се превземе за подобрување на грижата и заштитата на децата | ОУ „Св.Климент Охридски" – Битола во соработка со Сојузот за грижа и воспитување на децата во Р.Македонија | октомври 2015 | Прием на првачињата во Детската организација на Р.Македонија низ низа активности |
| **Есенска екскурзија** | Рекреација Развивање на пријателски односи меѓу сите субјекти во | Наставници, ученици | Септември/ Октомври 2015 | Развивање на пријателски односи меѓу сите субјекти во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | училиштето | | | училиштето |
| **Прославување на Патронен празник** | Одбележување на Патронен празник | Наставници, ученици | 08.12.2015 | Слободно изразување и промовирање на училиштето |
| **Ден на жената** | Одбележување на празникот | Наставници ученици | 08.03.2016 | Почит кон жената |
| **Активности по повод 21-ви март (Денот на екологијата)** | -Вклучување на учениците во засадување на садници во училишниот двор<br>- вклучување на учениците во изработка на цртежи и литературни творби на зададена тема | Наставници ученици | 21.03.2016 | - поголема ангажираност на учениците во еколошките активности<br>-развивање на ученичката креативност |
| **Ден на шегата1ви април** | Развивање на креативноста и смислата за хумор | Наставници ученици | 01.04.2016 | Поттикнување на хуморот |
| **Ден на трудот** | Одбележување на празникот | Наставници ученици | 01.05.2016 | Почит кон работникот |
| **Ден на Сесловенските просветители "Св.Кирил и Методиј"** | Одбележување на празникот | Наставници ученици | 24.05.2016 | Почит кон писменоста и нејзините творци |
| **Наставно-научни екскурзии** | Проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно-образовни подрачја и наставни предмети, рекреација и организирање на слободното време на учениците | Наставници ученици | мај/јуни 2016 | Проширување и продлабочување на знаењата на учениците<br><br>Развивање на пријателски односи меѓу сите субјекти во училиштето |
| **Полуматурска забава** | Вклучување на учениците во организирање на полуматурска забава | Наставници, ученици од IX одд. | јуни 2016 | Оспособување на учениците за организирање на прослави |

# 15. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

## ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

Соработката помеѓу училиштето како воспитно-образовна институција и семејството е интеракциски процес од голема важност.

Училиштето постојано е отворено за соработка со родителите како за информирање на родителите така и за нивна вклученост во организирањето и донесувањето на одлуки во работата на училиштето преку Советот на родители, нивно вклучување во проектни активности и секојдневната работа на училиштето во воспитно образовниот процес и тековни активности.

Во една организирана општествена заедница најважна клетка за опстанокот на истата е семејството со сите свои убавини, ангажирања и резултати, како за себе така и за своите идни поколенија кои треба да бидат формирани личности од кои корист ќе има пошироката општествена средина.

Активностите на Советот на родители ќе бидат насочени кон: вклученост на родителите со постојано информирање за наставниот процес; донесување на решенија и одлуки во итерес на сите субјекти во училиштето; семејствата да помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства, да помагаат во професионалната ориентација на учениците; вклученост на родителите во вонналставните активности, натпревари, екскурзиии, приредби, манифестации. Исто така нашето училиште планира да организира едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакати, брошури, училиштен весник.

За сите овие активности нашето училиште подготви посебна програма за вклученост и соработка со семејствата и родителите, програма на  Совет на родители и програма за проектот на МОН и БРО, Заедничка грижа за правилно насочување на учениците, кои следуваат во продолжение .

## ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧЕНОСТ И СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВАТА И РОДИТЕЛИТЕ:

| ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| **септември** | -присуство на родителите со нивните првачиња<br>- обраќање  на директорот<br>- пригодна прирдба<br>-родителски средби на ниво на паралелки<br>-запознавање на родителите со организацијата на работа на училиштето и<br>куќниот ред на училиштето<br>- запознавање на родителите со правата и обврските на родителите, учениците и наставниците<br>-формирање на родителски совети<br>-снабденост со учебници и помагала<br>-начин на исхрана на учениците |

| | |
|---|---|
| **октомври** | -прием на првачињата во Детската организација<br>-приредба пред учениците и родителите<br>-свечен прием<br>-прибирање на податоци и инцијатива за вклучување на родителите во остварувањето на дејноста на училиштето |
| **ноември** | -родителски средби на ниво на паралелки<br>-соопштување на успехот и поведението на учениците за прво тримесечие |
| **декември** | -средба со родителите вклучени во разни активности<br>-работилници со родители |
| **јануари** | -соопштување на успехот и поведението на учениците на крајот од прво полугодие<br>-договор за соработка за второ полугодие |
| **февруари<br>март** | -средба со родителите чии деца посетуваат дополнителна настава или имаат потешкотии во учењето |
| **април** | Родителски средби на ниво на паралелки<br>- соопштување на успехот и поведението на учениците на крајот од трето тримесечие<br>-средба со родители на надарени деца<br>-информација за ученичките натпревари и подготовка |
| **мај** | Заедничка средба со родителите на учениците од деветто одделение<br>-мрежа на средни училишта<br>-разгледување на конкурсите за запишување |
| **јуни** | Родителски средби на ниво на паралелки<br>- соопштување на успехот и поведението на учениците на крајот од годината |
| Забелешка: Во текот на цела учебна година ќе се реализираат и индивидуални средби на родителите со одделенски, предметни наставници, ППС и директорот на училиштето | |

## ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА РОДИТЕЛИ ПРИ ОУ “СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” – БИТОЛА ЗА УЧЕБНАТА 2015 / 2016 ГОДИНА

| СОДРЖИНИ | ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА АКТИВНОСТИТЕ | РЕАЛИЗАТОР | НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| **Избор на членови во Советот на родители од сите години на образование** | Да се одбере нов полн состав на совет на родители | -Одделенските раководители | Родителите по паралелки избираат одбор за паралелката, а потоа претседател. Претседателите од паралелките делегираат член за Советот | Септември |
| **Формирање на клуб на родители** | Клуб на родители како носители на подактивности во училиштето | Родители, наставници | Наставниците предлагаат родители-соработници | Октомври |
| **Планирање на ученички екскурзии** | Да се одберат најдобрите понуди за екскурзии кои вклучуваат посета на позначајни места | -Совет на родители -<br>Комисија за екскурзии | Писмени понуди од ТА | Октомври |
| **Разгледување на пристигнати понуди за осигурување и обезбедување на учениците** | Од пристигнатите понуди да се избере најдобрата што најмногу ќе одговара за сите ученици | - Одбори од одделенски совети<br>- Совет на родители | -Писмени понуди за осигурување<br>-Писмени понуди за обезбедување | Октомври |
| **Испитување на ставовите, мислењето и потребите на родителите во врска со соработката на училиштето и семејството** | Прибирање на податоци за подобра комуникација на училиштето и родителите по вертикала | -Совет на родители<br>-Одбори по оделенски совети<br>-Одбори на родители по паралелки<br>-Наставници<br>-Одгов. наставник | -Дискусија<br>-Консултации<br>-Прашалник | Ноември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Разгледување наuспехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие** | Поголема информираност на родителите за успехот и поведението на учениците | -Совет на родители<br>-ППС<br>-Директор<br>-Одговорен наставник | Статистички и текстуални извештаи | Ноември |
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото тримесечие** | Дискусија во насока на подобрување на успехот на учениците постигнат во првото тромесечие и давање мислења | -Совет на родители во поширокиот состав | -Дискусија<br>-Статистички и други извештаи | Декември |
| **Отворена седница на Совет на родители** | Информирање на поширокиот совет за работата и активностите на потесниот совет | Информирање за работата на Советот на родители | -Дискусија<br>-Консултации | Декември |
| **Новогодишен панаѓур** | Развивање на креативноста кај децата -<br>меѓусебно дружење и изработка на предмети | -Совет на родители во потесен или поширок состав | -Дискусија<br>-Начин како да се спроведе | Декември |
| **Подобрување на работната средина и клима во училиштето** | Вклучување на родителите во работата на училиштето (донации,трибини и слично) | -Совет на родители<br>-ППС<br>-Директор<br>-Одговорен наставник | Дискусија -<br>-Договор<br>-Консултации | Преку целата учебна година |
| **Унапредување на здравјето на учениците** | Активности за соработка на родителите за покривање на ова воннаставно подрачје | -Совет на родители<br>-ППС<br>-Директор<br>-Одговорен наставник -<br>Гостин доктор | -Дискусија<br>-Договор<br>-Консултации<br>-Работилници<br>-Трибини | Втората половина на ноември и првата половина на декември |
| **Вклучување на Советот во подготовките за прослава на Патронатот** | Вклучување на родителите во прославата на значајни датуми за училиштето | -Совет на родители во проширен состав<br>-ППС<br>-Директор<br>-Одговорен наставник<br>-Наставници<br>-Комисија за прослави | -Дискусија<br>-Договор<br>-Консултации | Декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие** | Поголема информираност на родителите за успехот и поведението на учениците | -Совет на родители<br>-ППС<br>-Директор<br>-Одговорен наст. | Статистички и текстуални извештаи | Февруари |
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од првото полугодие** | Дискусија во насока на подобрување на успехот на учениците постигнат во првото полугодие и давање мислења | -Совет на родители во проширен состав | -Дискусија<br>-Статистички и други извештаи | |
| **Настава и вonнаставни активности, реализација на проекти во училиштето** | Поголема соработка меѓу родителите и училиштето,информирање на родителите за наставата | -Совет на родители<br>-ППС<br>-Директор<br>-Одговорен наставник<br>-Наставници | -Дискусија<br>-Договор<br>-Консултации<br>-Работилници | Второ полугодие |
| **Отворена седница на Совет на родители** | Информирање на сите родители за работата на советот на родители | -Совет на родителиво проширен состав<br>-ППС<br>-Директор | -Дискусија<br>-Консултации | Февруари - Март |
| **Осмомартовска хуманитарна акција на учениците** | Вградување на поголеми вредности кај децата - поголема почит кон повозрасните лица | -Совет на родители - деца председатели на паралелки | -Купување на симболичен подарок по повод празникот 8-ми Март<br>-Посета на домот за стари лица или Сјурајдер | Март |
| **Разгледување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната година** | Информирање на родителите за успехот и поведението на учениците | -Совет на родители во проширен состав | -Дискусија<br>-Статистички и други извештаи | Јуни |
| **-Извештај за работата на Советот во текот на учебната година;<br>-Важни прашања за почетокот на новата учебна година** | Анализа за постигнувањата и предлог мерки за изготвување на програма за наредната учебна година | -Совет на родители<br>-ППС<br>-Директор<br>-Одговорен наставник | -Дискусија<br>-Договор<br>-Консултации<br>-Извештај | Крајот на јуни |

## ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПРОЕКТОТ ЗАЕДНИЧКА ГРИЖА ЗА ПРАВИЛНО НАСОЧУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

**ЦЕЛ**: Зајакнување на врската „родител-ученик-наставник“, преку која ќе се овозможи јакнење на воспитната компонента во воспитно – образовниот процес во основното образовани

| НАСЛОВ | АКТИВНОСТ / НАЧИН НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕАЛИЗАТОРИ | ВРЕМЕ |
|---|---|---|---|
| **„РОДИТЕЛОТ Е НАСТАВНИК“ 1** | Организација на ден на „родители-предавачи (предавања од страна на родители, стручни во одредена област)<br>-Може да се реализира на одделенски час или соодветна наставна единица | Родители во организација на наставник, со претходен договор | Најмалку по еднаш во полугодие<br>Најмалку по едно предавање за секоја генерација (може да се комбинираат генерации) |
| **ПРИРЕДБИ 2** | Вклучување на родители во тимот (комисија) за приредби<br>-музички дуети<br>-драмски претстави<br>-точка на наставници | -наставник-ученик, родител-ученик<br>-родители, наставници, ученици<br>-најчесто како завршна точка на приредба | -Ден на училиштето<br><br>-приредби со друг повод (Нова година, 8 Март, завршна приредба и сл) |
| **„НОВОГОДИШЕН БАЗАР“ 3** | Родители, наставници и ученици заеднички да изработуваат сувенири кои би се изложувале и продавале на овој базар. Средствата би се искористиле за подобрување на условите во училиштето или обезбедување на аудио-визуелни средства и материјали за изведување на наставата | -родители, наставници, ученици | -кон крај на месец декември |
| **„ЈАС ПРОЧИТАВ-ПРОЧИТАЈ И ТИ“ 4** | Заеднички настан со родители, наставници, ученици на кој ќе се врши размена на книги под наслов: „Богати се оние кои другаруваат со книгите“<br>Литературно читање | -родители, наставници, ученици<br>- родители, наставници, ученици, поети<br>-библиотекарска секција | -месец на книгата (октомври/ноември)<br>-во текот на цела учебна година |
| **„ОДИМЕ ВО ТЕАТАР“** | Заедничка посета на театарска или кино претстава | -родители, наставници, | најмалку по еднаш во полугодие |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **„ОДИМЕ ВО КИНО“ „УЧИЛИШТЕН ТЕАТАР“ 5** | Драмска секција изведува драматизација со и за родителите и наставниците Може да се организираат и посети на музеи, музички настани, галерии и сл. | ученици | |
| **„ОДИМЕ НА ИЗЛЕТ“ 6** | Излет во неработен ден во близина на местото на живеење ( дружење) | -родители, наставници, ученици | најмалку еднаш во учебната година |
| **„ЕКО ДЕН“7** | Заедничка еко-акција ( чистење на училиштето, училишниот двор, разубавување на училници, засадување на садници...) | -родители, наставници, ученици, хигиеничари -соработка со локалната средина (Комуналец) | 21.03.2015-ден на екологија; 22.04.2015-ден на планетата Земја, Ден на дрвото. Активности на Еко-тимот |
| **„РОДИТЕЛСКА ОТВОРЕНА СРЕДБА“ 8** | Родителите индивидуално се среќаваат со предметните наставници и разговараат за успехот, дисциплината и напредокот на учениците | -родители, наставници, ученици | -секој последен понеделник и вторник во месецот за родители на учениците од V-IX одделение |
| **„ОТВОРЕН ДЕН“ 9** | Во текот на еден ден од викендот административната служба и наставниците да овозможат посета на училиштето од страна на родители и деца кои треба да бидат ученици во училиштето за да се запознаат со училиштето, редот, организацијата, наставници, стручни соработници и друго (кратки презентации за училиштето по претходно утврден и објавен дневен ред. Образложение: Ова е првично насочено кон потенцијалните првачиња и нивните родители и кон учениците кои размислуваат каде да се запишат во средно училиште, како и кон оние кои сакаат да се префрклат од едно во друго училиште. | ППС Директор Наставници за I одд. Наставници од IX одд. | -август -мај или јуни |

| | | | |
|---|---|---|---|
**Забелешка: Во текот на учебната година програмата на стручниот актив по ТО и информатика може да претрпи измени, во зависност од потребите на наставниците и учениците.**

**ЗАБЕЛЕШКА: Отворените часови по стручни активи се дадени во склоп на проектот Интеграција на еколошката едукација во образованието**.

# *ПРИЛОЗИ*

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНАТА

## 2016/2017 ГОДИНА

Директор

**Андријана Мигуловска**

Битола, август 2016

Директорот на училиштето има утврдени задачи со законот за основно образование, подзаконски акти, статутот и другите општи акти во училиштето.Планот и програмата за работа на директорот во основното училиште освен вообичаените задачи кои прозлегуваат од сите сфери на непосредниот воспитно-образовен процес, опфаќа и голем број работи кои се појавуваат секоја учебна година.
Основна задача на директорот е одговорност за законското работење на цело училиште.

| ПРОГРАМСКА СОДРЖИНА | ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|
| **ПРОГРАМИРАЊЕ** | |
| Анализа на работата на претходната учебна година, мерки за унапредување на работата | VI - IX |
| Проектирање на годишната програма за работа на училиштето | VI - IX |
| Изработка на месечен план за работа во училиштето | VI - IX |
| Согледување на кадровските ресурси, утврдување кадровски политики | VI - IX |
| Утврдување финансиски план на училиштето | VI - I |
| **ОРГАНИЗАТОРСКА ФУНКЦИЈА** | |
| Утврдување организациска работа во училиштето( изработка на распоред за сите видиви на настава во училиштето) и организација на работата на одредени служби (делење на задачи на секретарот на училиштето, посебна организација на работата на техничкиот персонал, распоред на работа, прием на странки, ученици) | VIII - IX |
| Разработка на сите раководни места во училиштето, начин на следење и вреднување на работата | VIII - IX |
| Поставување на ефикасна работа на директорот (распоред на работа, состаноци, неделен план со стручната служба и стручните соработници) | IX - VI |
| Учество во проектирање, изработка и дефинирање информативен систем на училиштето, формирање база на податоци во функција на ефикасно работење во училиштето | IX - I |
| **РАКОВОДНА ФУНКЦИЈА** | |
| Запознавање со прописите на кои се заснова раководењето и управувањето со училиштето, усогласување на нормативните акти во училиштето со постоечките закони | IX - VI |
| Запознавање личности и формирање тим за својата работа | IX - VI |
| Подготовка на состаноци со стручните органи во училиштето | IX - VI |
| Планирање работни состаноци (месечен и неделен план) | IX - VI |
| **ЕВАЛУАТОРСКА ФУНКЦИЈА** | |
| Учество во изработка на програма за вреднување на работата во училиштето и учество во негова реализација (изработка на документи, инструменти...) | IX - VI |
| Организација за изработка на инструменти за:<br>Следење на оперативните планови за работа на наставникот<br>Соработка со родителите (родителски состаноци, Совет на родители)<br>Усовршување на наставниците<br>Објективно вреднување на работата и знаењата на учениците по одделенија во согласност со стандардите за оценување<br>Следење и вреднување на квалитетот на работата во наставата и воннаставните активности<br>Следење и вреднување на проекти кои се реализираат во училиштето | IX - VI |

| | |
|---|---|
| Вреднувањее и следење на работата на стручните служби во училиштето<br>Анализа на користење современи дидактички средства во наставата<br>Анализа на постигањата на учениците | |
| **ПЕДАГОШКО ИНСТРУКТИВНА ФУНКЦИЈА** | |
| Укажување педагошко-инструктивна помош во фазите на подготовка на наставата(изработка на дидактички материјали, примена на сврремени средства, икт...) | IX - VI |
| Следење на реализацијата на наставните и воннаставните активности | IX - VI |
| Следење на реализацијата на програмата за работа со талентирани ученици и ученици со посебни потреби<br>Следење на реализацијата на приоритети и проекти IX - VI | IX - VI |
| Составување стручни тимови и иницирање, креирање и реализација на нови проекти | IX - VI |
| Следење на развојот на образовната технологија во светот | IX - VIII |
| Запознавање со понудите од издавачките куќи | VIII - IX |
| **ДРУГИ АКТИВНОСТИ** | |
| Планирање работни и соодветни состаноци со родители и ученици | IX - VI |
| Планирање и реализација на соработка со локалната заедница, научни, културни и спортски институции | IX - VIII |
| Планирање и реализација на соработка со други училишта од земјата и странство | IX - VIII |
| Соработка со стручните служби од Министерството за образование, наука и култура, БРО, Државен испитен центар и др. | IX - VIII |
| Соработка со локална самоуправа | IX - VIII |
| Професионален развој на наставниците | IX - VIII |
| Следење на интеграција на еколошката програма | IX - VI |
| Планирање и спроведување на екстерно и интерно проверување | V - VI |
| Соработка со ученичките организации | IX - VI |
| Соработка со електронски и пишани медиуми | IX - VIII |
| Планирање и реализација на соработка со домашни и странски културни центри | IX - VIII |
| Подобрување на инфраструктурата и условите за работа | IX - VIII |

Август 2016

Директор
Андријана Мигуловска

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТАТА НА ПОМОШНИК ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА

Помошник директор
**Виолета Стевановска**

Битола, август 2016

Помошник директор е Виолета Стевановска, на работно место наставник во одделенска настава. Програмата за работа и работните задачи на помошникот директор произлегуваат од програмата за работа на директорот и неговите овластувања, согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето.

| ПОДРАЧЈЕ | РАБОТНИ ЗАДАЧИ-СОДРЖИНИ | ВРЕМЕ | СОРАБОТКА |
|---|---|---|---|
| **ОРГАНИЗАТОРСКО-АДМИНИСТРАТИВНА РАБОТА** | - Обиколка на училишен објект.<br>- Контрола на хигиенските услови во училишните простории.<br>- Следење на работата на административно- техничкиот персонал.<br>- Соработка со стручната педагошка служба и дефектологот.<br>- Соработка со административна служба (помош во изработка на информации и извештаи за потребите на Статистички завод, Министерство за образование и наука, Државен просветен инспектрат Локална самоуправа).<br>- Ревидирање на кодексите на училиштето во соработка со ППС, дефектологот и административната служба.<br>- Инфрмации, изестувања, записници и други административни работи за актуелни прашања, потреби и барања. | 2016/2017 | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Дефектолог<br><br>Секретар<br>Книговодител<br>Благајник |
| **ПЕДАГОШКО-ИНСТРУКТИВНА РАБОТА** | - Секојдневно следење и запознавање на Законот за основно образование и другите службени документи со кои се утврдени основите на организацијата на воспитно-образовната работа во основните училишта, наставен план и наставни прграми; прописи и упатства за водење на педагошка евиденција и документација.<br>- Учество во изготвување на Годишна и Развојната Програма за работата на училиштето (одделни сегменти) во соработка со директорот и соработка со директорот.<br>- Работа со родители на ниво на: совет на родители, групни и индивидуални средби по потреба и по сопствена иницијатива во интерес на учениците и успехот на училиштето.<br>- Стручна работа со наставници на ниво на стручни активи.<br>- Соработка во подготовка на полугодишен и годишен извештај за | 2016/2017 | Директор<br>Наставници<br>Дефектолог<br>Стручна педагошка служба<br><br>Претседател на Училишен одбор<br><br>Претседател на Совет на родители<br><br>Училишна заедница<br><br>Наставници<br>Тимови и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | работата на училиштето. | | одговорни раководители<br><br>Директор |
| **КОНКРЕТНИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ** | - Учество во организација и спроведување на екстерното проверување на учениците и интерното проверување на наставниците според Законот за основно образование и Правилникот за работа.<br>- Спроведување на програмата за професионален развој на наставниците.<br>- Следење на реализацијата на проекти во училиште<br>- Следење на реализацијата на приоритетните цели во училиштето | Март 2016<br><br>2016/2017<br><br>Континуирано<br><br>2016-2017 | Директор<br>Комисија за екстерно проверување<br><br>Директор<br>Дефектолог,<br>Стручна педагошка служба<br>Одделенски раководители<br><br>Училишни тимови<br>Директор |
| **АКТУЕЛНИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ** | - Тековни прашања и задачи кои произлегуваат во текот на работата во училиштето со овластување од директорот. | 2016-2017 | Директор<br>Претседател на Училишен одбор<br>Претседател на Совет на родители<br>Наставници<br>Стручна служба,<br>Дефектолог,<br>Административна служба |

*** Помошник- директорот на училиштето за следење на целосната реализација на годишната програма ќе изготвува седмични и месечни планирања и извештаи.**
*** Тековно може да дојде до одредени дополнувања на програмата за работа според потребите на воспитно-образовниот процес во училиштето.**

Август 2016

Помошник директор
Виолета Стевановска

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТАТА НА ПЕДАГОГОТ ЗА УЧЕБНАТА

## 2016/2017 ГОДИНА

Педагог

**Никола Крстевски**

Битола, август 2016

Со Законот за основно образование (Сл.весник бр.35/97,бр.82/99) и со неговите измени и дополнувања (Сл.весник 29/2002) и (Сл.весник 103/2008) е регуларна воспитно-образовната дејност во основното училиште,покрај наставниците, да ја остваруваат и следните стручни работници:педагог, психолог, социјален работник, социолог, дефектолог и библиотекар.

Педагогот на училиштето работи на:

-укажување стручна помош при концепирањето и конечното изготвување на Годишната програма за работа на училиштето, програма за работа на воннаставните активности и други подрачја на воспитно-образовната дејност;

-педагошки и дидактичко-методички консултации со наставниците за наставата, нејзиното иновирање, вреднување и унапредување, со учениците и нивните родители;

-истражувачки проекти и акциони училишни истражувања, како и анализирање и проучувања за значајни проблеми и прашања во училиштето;

-програмирање, организирање и иновирање на сопственото и стручното усовршување на раководниот и наставниот кадар на ниво на училиште;

-работните задачи, педагогот, во училиштето ги реализира преку тимска работа и соработка со директорот на училиштето, стручните работници од Бирото за развој на образованието на Македонија и др.

## ВОВЕД

Програмата за работа на педагогот во оваа учебна година е изготвена врз основа на неколку посуштвени сознанија и потреби на училиштето и тоа:

-Законот за основно образование

-отворените педагошки прашања што се содржани во Извештајот на училиштето за работата за минатата учебна година;

-Годишната програма за работата за новата учебна година;

-Основи за програмирање на воннаставната воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници;

-новата концепција на Општата програмска структура;

-Концепцијата за деветолетката во основното образование;

-потребата од континуирано извршување на тековните стручни и организациони работи на училишниот педагог;

-од работата и реализацијата на училишните проекти;

-од евиденцијата на Дневникот за работа на училишниот педагог за минатата учебна година.

## ПРИОРИТЕТНИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ ПО ПРОГРАМСКИ ПОДРАЧЈА

**1.Непосредно следење на воспитно-образовната работа во училиштето.**

Во рамките на ова подрачје ќе се реализираат следните конкретни задачи:

-следење на организацијата на Дополнителната настава во предметната и одделенската настава: избор на наставници, избор на ученици, форми и методи на работа како и употреба на наставни средства, следење на напредокот на учениците и соработка со родителите на учениците.

-цел: унапредување на организацијата и реализацијата на дополнителната настава.

-задачи:

а) распределба на наставниците со опфат на учениците што имаат потреба од дополнителна настава.

б) следење на начинот на избор на учениците што ќе бидат опфатени.
в) избор на формите и методите за работа на дополнителната настава.
г) модели за соработка со родителите чии деца се опфатени.
д) водење на педагошка евиденција за напредокот на учениците.
ѓ) проучување на документацијата за оваа настава.
е) изготвување на документи

-методи:разговор, излагање.
-форми: индивидуална.
-средства: интервју ,анкета, тестови, евиденциони листови, протокол за снимање.
-соработници: директор, психолог и наставници.
-време за реализација:од 15.09-31.05.

**2.Советодавно-консултативна работа со наставниците.**

Советодавно-консултативната работа ќе биде насочена кон наставниците од одделенската и предметната настава врз проблемот на: Организацијата и следењето на овој вид настава.

-цел: инструирање на наставниците во правец на избор на ученици, изборот на успешни методи и форми на работа, мотивирање на учениците, вклучување на родителите за реализација на оваа настава, изготвување на инструменти за следење на развојот и напредокот на учениците и сл.

-задачи-индивидуални разговори во врска со:изборот на учениците за дополнителна настава, изборот на форми и методи за работа, мотивирање на учениците за постигнување на подобри резултати, евидентирање на напредокот на учениците во текот на наставата од страна на наставникот, начини на соработка со родителите за поуспешно реализирање на оваа настава и сл.

-методи: разговор, излагање, дискусии.
-форми: индивидуална, работа во групи-стручни активи и одд. совети.
-средства: инструменти, стручна литература и модели.
-соработници: директор, психолог и наставници.
-време за реализација од 01. 09-10. 06.

**3.Аналитичко-истражувачка работа**

За да се добие повратна информација за успешноста на реализацијата на ваквиот вид на настава ќе се врши анкетирање и на учениците, наставниците и родителите се со цел да се добие модел на што поуспешна дополнителна настава.

- цел: изедначување на пристапите за организацијата на дополнителната настава и изградување на училишен модел.
- задачи: демонстрирање на готови модели за успешно реализирање на дополнителната настава во функција на подобар успех на учениците.
- методи на истражување: проучување на педагошката документација, следење на организацијата и реализацијата, анализа на собраните податоци.
- техника на истражување: анкета, скала на судови, евидентен лист и протокол на снимање.
- примерок: ученици од I-IX одд. Предметните наставници што изведуваат дополнителна настава и одреден број на родители чии деца се опфатени со ваков вид на настава.
- соработници: директор, психолог и наставници.
- време на реализација од 01. 09-10. 06.

- динамика: изработка на проектот - септември
    - спроведување на испитувањето - октомври-април
    - обработка и интерпретација - мај
    - елаборирање - јуни
- стручна литература:стручно списание и друга стручна литература.

**4.Стручно усовршување на воспитно- образовниот кадар**

Стручното усовршување на воспитно- образовниот кадар ќе се одвива на ниво на стручни активи во текот на оваа учебна година и тоа на тема: организација на дополнителната настава.

- цел: подигање и надоградување на стручното ниво на наставниците на полето на организирањето на дополнителната настава во функција на подобрување на успехот на учениците.
- задачи: градење на училишен модел за организација и реализација на дополнителната настава.
- методи: разговор, излагање и дискусија.
- форми: индивидуална, групна и фронтална.
- средства: стручна литература, печатени материјали и модели.
- услови: стручни активи.
- соработници: психолог, директор и наставници.
- време на реализација: 01. 09-10. 06.

**5. Педагошка евиденција и документација**

За работата на училишниот педагог се изготвува, како и секоја година, месечен оперативен план за работа, а воедно ќе се води хронолошки дневник, дневник за советодавна работа со учениците, родителите, дневник за следење на наставата и воннаставните активности.

Во текот на учебната година, училишниот педагог ќе ги користи: Законот за основно образоваание, куќниот ред, правилници од областа на основното образование, годишна програма за работа на основното образование, полугодишен и годишен извештај, распоред на часовите, распоред на редовната, изборната, дополнителната, додатната, слободните ученички активности и сл.

**<u>РАБОТНИ ЗАДАЧИ ВО КОНТИНУИТЕТ</u>**

Во оваа учебна година како континуитет од претходната година ќе се реализирааат следните задачи:

1.Реализација на активностите во рамките на одд. час на IX-то одд. Низ ученички работилници на тема:СИДА.

2.Вклученост во надминувањето на слабите страни на училиштето добиени со самоевалвацијата.

3.Вклученост во реализацијата на Програмата за разрешувањето на насилството во основните училишта.

4.Учество во реализацијата и следењето на Програмата за образование за животни вештини за I, II, III одделени (и во други одделенија по потреба) во рамките на часот на одд. заедница.

5.Работа на Програмата за интеграцијата на еколошката едукација во македонскиот образовен систем.

6. Вклученост во реализацијата на екстерното оценување на учениците.

7.Учество во следењето и евидентирањето на професионалниот развој на наставниците (професионално досие).

## РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА УЧИЛИШТЕТО

### СЦ 1: ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА УЧЕЊЕТО И НАСТАВАТА

РЦ 1.1: Подобрување на оценувањето на учениците
РЦ 1.2: Подобрување на квалитетот на работата на стручните активи

### СЦ 2: УНАПРЕДУВАЊЕ И ПОДОБРУВАЊЕ НА ПОДДРШКАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

РЦ 2.1: Потикнување на позитивните ставови кон учењето и надвор од наставата.
РЦ 2.2: Развој на социјалните вештини
РЦ 2.3: Помош и подршка за учениците при избор на понатамошно образование;

### СЦ 3:ИСКОРИСТУВАЊЕ, ПОДОБРУВАЊЕ И ОБНОВУВАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ

РЦ 3.1: Унапредување на човечките ресурси

### СЦ4: ПОДОБРУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА КЛИМА, УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ

РЦ 4.1: Промовирање на училиштето и унапредување на професионалноста во работата
Р Ц 4.2: Унапредување на патнерските односи со родителите и со локалната и деловната заедница

## ТЕКОВНИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ

**1.Непосредно следење на воспитно-образовната работа ва училиштето:**

-Следење на наставниот процес: планирање и реализација на задолжителната, изборната и факлутативната настава, дополнителната и додатната настава;

-Следење на водењето на педагошката евиденција и документација на училиштето;

-Следење на организацијата и реализацијата на воннаставните активности: слободните ученички активности и културната дејност на училиштето;

-Следење на успехот и редовноста на учениците;

-Непосредно следење, проучување и унапредување на сопствената работа (планирање, програмирање, евидентирање и документирање);

-Следење на интерното и екстерното стручно усовршување на наставниот кадар на училиште;

-Следење на интрперсоналните односи во училиштето (училишна клима) на релација: ученик-ученик, ученик-наставник, наставник-наставник на индивидуално или групно ниво;

**2.Советодавно-консултативна работа со ученици, родители и наставници:**

-Инструктивно-консултативна работа со наставниците при планирањето и програмирањето на наставните и воннаставните активности;

-Советодавно-консултативна работа со одделенските раководители при откривањето и разрешувањето на проблеми на релација ученик-наставник-семејство;

-Советодавно-консултативна работа со одговорните на стручните тела во планирањето и програмирањето на работата;

-Соработка со одделенските заедници на учениците во формирањето на чувствата на одговорност, заедништво и соработка;

-Инструктивно-консултативна работа со наставници-приправници;

-Советодавна работа со наставниците и учениците при изборот и распределбата на учениците за слободните активности, додатната, дополнителната и факултативната настава, натпревари и сл.

-Советодавна работа со ученици кои напредуваат побрзо или покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех (успехот, редовноста, дисциплината, реализацијата на наставните и воннаставните програми и тн.).

-Советодавна работа со родители чии деца побрзо напредуваат или пак имаат проблеми со учењето, редовноста и дисциплината.

**3.Аналитичко-истражувачка работа**

-Анализа на општите услови и реализација на воспитно-образовната работа во училиштето;

-Анализа на тримесечната, полугодишната и годишната реализација на програмата за работа на училиштето (успехот, редовноста, дисциплината, реализацијата на наставните и воннаставните програми и тн.)

-Анализи на потребите за стручното усовршување на наставниот кадар, искористеноста на нагледните средства и тн.

-Анализа од извршеното мерење на брзината на читањето на учениците од II одд. на крајот од првото и второто полугодие.

-Анализа на реализацијата на часот на одд. заедница-Програма за образование за животни вештини.

**4.Стручно усовршување на воспитно-образовниот кадар**

-Учество во стручното усовршување на наставниот кадар преку работата на стручните активи, одделенските совети и наставничкиот совет со сопствени излагања, организирање на методички работилници и презентација на анализи;

-Издвојување и посочување на написи од стручните списанија и стручната педагошко-психолошка литература со која располага училиштето;

-Стручно усовршување при вклучувањето во работата на стручните активи, секции, советувања, семинари, симпозиуми и проекти организирани од Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и други воспитно-образовни институции;

-Индивидуално стручно усовршување преку следење на списанија, педагошка и дидактишко-методичка литература.

**Напомена:** При реализацијата на оваа програма за работа на педагогот се планира да соработува со: други училишта од основното и средното образование, предучилишни установи, Бирото за развој на образованието на Македонија, наставничкиот факлутет во Битола, Центарот за социјална работа, здравствени установи и институции, Бирото за вработување-оделот за професионално ориентирање, Депандансот за корекција на говор, Советовалиште за ментално здравје за деца и младинци, како и организации и асоцијации кои работат со деца и за деца.

## М Е С Е Ч Н А   О П Е Р А Т И В Н А   П Р О Г Р А М А

**АВГУСТ**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| **1.Учество во изработка на Год.програма за работа на у-тето.** | Индивидуално групна | Општа програмска структура | директор, психолог |
| **2.Учество во одредувањто на одд. раководители од I-IX, претсед. на одд.совети и стручни активи. Како и распоредување на часовите по наставници и предмети.** | дијалог | распоред на часови | директор, психолог, наставници |
| **3.Водење дневник за педагош работа на уч. педагог.** | | | |
| **4.Увид врз среденоста на педагошката евид. и док. за минатата учебна година.** | анализа | Дневник за евид. и док. на педагогот | наставници |
| **5.Консултации со нас. од I - во одд. за свечаниот прием на учениците.** | индивидуална | програма | директор, психолог, наставници |
| **6.Консултации со н-ците од I -во одд. за приемот на у-ци.** | групна, разговор | список | психолог, наставници |
| **7.Учество во работата на стручни тела на училиштето.** | индивидуална | прог. за раб. | наставници |
| **8.Формирање на паралелки за I и VI одд.** | групна, разговор | список и др. педаг. евид. | психолог, наставници |
| **9.Соработка со БРОМ за организирање на семинари за н-ци.** | индивидуална | | |
| **10.Соработка со родители на новозапишаните у-ци.** | разговор | известување | |
| **11.Средување и подготовка на док. за работа на п-гот.** | индивидуална | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 12. Учество во изработката на Програмата за разрешување на насилно однесување<br><br>13.Индивидуално стручно усовршување струч.литер.<br><br>14. Изработка на Годишната програма за работа на п-гот<br><br>15.Соработка со сите наставници за добивање НЕ за програмата за еколошка едукација.<br><br>16. Присуство на состанокот на Наставничкиот совет | разговор<br><br>индивидуална<br><br>индивидуална<br><br>договор<br><br>разговор | списоци<br><br>раб. материј.<br>прирачник<br>струч.литер. | |

С Е П Т Е М В Р И

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| 1.Прием на учениците во I и VI одд.<br>2.Прием на нови ученици во II,III,IV,V,VI,VII, VIII,IX;<br><br>3.Инструктивно-консултативна раб. со н-ци за тематски и глобални пл.<br><br>4.Инструктивно-консултативна работа со н-ци за план.на одд.час уч.заедница, дод.нас.и слоб. уч.ак.<br><br>5.Инструктивно-консултативна работа со одд.раководители за водењето на пед.евиденција и документација.<br><br>6.Индивидуални разговори со новодојдените уч-ци во училиш. | индивидуална, групна<br><br>индивидуална<br><br>групна, индивидуална<br><br>групна<br><br>разговор | списоци<br><br>списоци<br><br>сепарати<br><br>Општа програмска структура<br><br>одд. книги и гл. кн. | психолог<br>директор<br>наставници<br>наставници<br><br>наставници<br><br>наставници<br><br>ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7.Учество во работата на стручни тела на училиштето.** | разговор | список | наставници |
| **8.Соработка со Заводот за статистика** | разговор | одатоци | |
| **9.Изготвување на модели за планирање на слоб.у.а. и дод.ак.** | | | секретар |
| **10.Учество во израб. на анекс програми за раб. на училиштето.** | индивидуална | модели<br>Општа програмска структура | наставници<br>психолог<br>директор |
| **11.Учество во изработката на распоредот на часови за одд. и пред. настава.** | индивидуална | распореди | наставници |
| **12.Поднесување на Извештај за сред. на одд.кн. и гл.к.** | | | |
| **13.Соработка со Министерството за образование, локалната самоуправа и БРО- ПЕ-Битола** | индивидуална<br>групна | одд.кн. и гл.к.<br>податоци | наставници<br>психолог<br>директор<br>секретар |
| **14.Водење на педагошката евиденција и документација за сопствената работа.** | индивидуална | дневник | |
| **15. Присуство на состанокот на Наставничкиот совет.** | | | |
| **16. Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето** | индивидуална,<br>групна<br>индивидуална<br>тимска | | директор,<br>психолог |

**О К Т О М В Р И**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1.Учество во работата на стручните тела во училиштето.** | разговор | | наставници |
| **2.Соработка со учениците прет. на одд.заедници од VI -IX одд.** | | | |
| | разговор | програма | психолог |
| **3.Советодавна работа со у-ци со асоцијално однесување и слаб успех.** | разговор | одд.книга | ученици |
| **4.Посета на часови од редовната настава I-IX одд. во рамките на активностите на стручните активи** | посета | протокол | психолог<br>ученици |
| **5.Соработка и посета на часови на одд. заед. VI-IX одд.** | посета | протокол | наставници |
| **6.Посета на часови за доп. настава од II-IX одд.** | индивидуална | протокол | наставници |
| **7.Соработка со одговорните н-ци на училишните организации.** | групна | програма | наставници |
| **8.Следење и презентирање пред н-ците стручна литература.** | | | |
| | индивидуална | стручна литература | |
| **9.Водење на педагошката виденција и документација за работата на училишниот педагог.** | индивидуална | дневник | |
| **10.Соработка со институции врзани за работата на училиштето.** | | | |
| | индивидуална | акти | наставници |
| **11.Вклучување во активностите во реализацијата на училишни проекти.** | | | |
| | индивидуална | програми | |
| **12.Посета на часови во одд. нас. за реализација на Прог. за ж. в.** | | | |
| | индивидуална | днев. под. | директор,<br>психолог |
| **13.Индивидуално стручно усовршување .** | | | |
| **14.Презентација на Програмата за насилно однесување на** | индивидуална | стручна литература | наставници, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| учениците пред стручните активи.<br><br>15.Сораб. со наставниците во врска со реализацијата на програмата за еколошка едукација .<br><br>16. Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето | групна<br>презентација<br><br>индивидуална<br><br><br>индивидуална | програма<br><br><br>днев. под. | ученици<br>наставници<br><br><br>наставници<br><br><br>директор,<br>психолог |

**Н О Е М В Р И**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| 1.Учество во активностите на ученички проекти. | индивидуална<br>групна | програми | наставници,<br>ученици |
| 2.Консултации со н-ци што ја иновираат наставата. | индивидуална | стручна литература | наставници |
| 3.Консултации со н-ци за водењето на педагош.евид. и докум. | индивидуална | одд. книги | наставници |
| 4.Посета на часови на одд. заед. од VI-VIII одд. | индивидуална | протокол | наставници |
| 5.Учество во работата на стручни органи на училиштето. | групна | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6.Советодавна работа со родители чии деца покажуваат слаб успе** | разговор | | |
| **7.Советодавна работа со ученици што покажуваат слаб успех на крајот од I -то тромесечие.** | индивидуална | одд. книги | родители<br>ученици |
| **8.Посета на часовите за дополнителна настава.** | индивидуална | извештај | ученици |
| **9.Подготвување на формулари за извештајот од одд.рак. за успехот на учениците.** | индивидуална | протокол | наставници |
| **10.Подготвување и поднесување Извештај за успехот и поедениет на учениците на крајот од I трим.** | индивидуална | формулар | |
| **11.Посета на редовни часови од I-IX одд. во рамките на актив. на стручните ак.** | индивидуална | формулари | наставници |
| **12.Изработка на графички приказ за успехот на уч.на крајот од I-то тромесечие.** | индивидуална | протокол | |
| **13.Увид врз начинот на водење на педагошката евиденција и документација во одд. книги од I- одд. во I-то тримесечие.** | индивидуална | графикони | наставници |
| **14.Посета на часови во одд. нас. за реализација на Прог. за ж. в.** | индивидуална | одд. книги | наставници |
| **15.Сораб. со наставниците во врска со реализацијата на програмата за еколошка едукација** | индивидуална | днев. под. | наставници |
| **16.Соработка со Институции врзани за работата на училиштето.** | посета | днев. под. | директорот<br>психолог |
| **17.Водење на педаг.евид. и док. за работата на уч.педагог.** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18.Присуство на состанокот на Наставничкиот совет. | индивидуална | акти<br>дневник | |
| 19. Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето | индивидуална<br>индивидуална<br>тимска | | Директор,<br>психолог |

**Д Е К Е М В Р И**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| **1.Тестирање на првоодделенците брзината на читањето.** | индивидуална | тест | ученици<br>наставници |
| **2.Соработка со Комисијата за прослави на Денот на училиштето.** | групна | програма | директор<br>комисија |
| **3.Учество на состаноците на стручните органи.** | групна | стручна<br>литература | директор<br>психолог |
| **4.Посета на часови од редовна настава во рамките на активности на стручните ак.** | индивидуална<br>групна | протокол | наставници |
| **5.Помош во работата на одд.заедници од II-IX одд.** | групна | програма | наставници<br>ученици |
| **6.Советодавна работа со у-ци што имаат проблеми со спехот и пов.** | Разговор | одд.книги | ученици<br>одд.раковод. |
| **7.Советодавна работа со родители чии деца имаат проблеми со уч.** | индивидуална | одд.книги | родители |
| **8.Соработка со н-ци вклучени во училишните проекти.** | групна | проектни<br>материјали | наставници<br>психолог |
| **9.Посета на часови за дополнителна настава** | индивидуална | програми | наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10.Инструктивна работа со н-цитево врска со средувањето на педа евиденција.** | групна | одд.книги | наставници |
| **11.Презентација пред наставниците нова стручна литература.** | групна | стручна литература | наставници |
| **12.Консултации со одд.рак. за организирање на часот на одд. зад.** | индивидуална | програми | наставници |
| **13.Посета на часови на одд.заед. од VI-IX одд.** | индивидуална | програми | наставници |
| **14.Посета на часови во одд. нас. за реализација на Прог. за ж. в.** | индивидуална | днев. под. | наставници |
| **15.Соработка со институции врзани за работата на училиштето.** | индивидуална | акти | директор |
| **16.Сораб. со наставниците во врска со реализацијата на програмата за еколошка едукација .** | групна<br>посета | днев. под. | психолог<br>наставници |
| **17.Водење на педагошката евид.и документација за работата на педагогот.** | индивидуална | дневник | |
| **18.Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето** | индивидуална<br>тимска | | Директор.<br>Психолог |

**Ј А Н У А Р И**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| **1.Подготвување на Извештајот за работата на стручните активи.** | индивидуална | записници | наставници |
| **2.Анализа на водењето на педагошката евиденција и докментација.** | индивидуална | одд. книги | наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.Изготвување на Извештај за брзината на читањето на** | индивидуална | податоци | наставници |
| **учениците од II-одд.** | групна | | |
| **4.Изготвување на распоред за одржување на одд.совети од I -IX о** | индивидуална | распоред | директор |
| **5.Присуство на состаноците на стручни органи во училиштето.** | | | |
| | групна | извештаи | директор |
| **6.Разговор со претседателите на одд.заедници.** | | анализи | наставници |
| | групна | програма | ученици |
| **7.Следење на стручна литература.** | | | |
| | индивидуална | струч.лит. | |
| **8.Изготвување на статички извештај за успехот и пов.на уч.на** | | | |
| **крајот на I -то полугодие.** | индивидуална | анализи | |
| **9.Учество во изготвувањето на полугод. Извештај за работата** | | | |
| **на учиилиштето.** | групна | анализи | директор |
| | | | психолог |
| **10.Индивидуални разговори со родителите чии деца покажуваат** | | | |
| **слаб успех.** | групна | одд. книга | родители психолог |
| **11.Советодавна работа со ученици со слаб успех.** | | | |
| | групна | одд. книга | ученици |
| **12.Соработка со институции врзани за работата на училиштето.** | | | наставници |
| | индивидуална | акти | директор |
| **13.Вклучување во реализацијата на уч.проекти.** | групна | | психолог |
| | индивидуална | проекти | наставници |
| **14.Водење на педагошката евид.и докум. за работата на уч.педаг** | групна | | |
| | индивидуална | дневник | |
| **15.Сораб. со наставниците во врска со реализацијата на** | | | |
| **програмата за еколошка едукација .** | | | |
| | посета | днев.под. | наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **16.Присуство на состанокот на Наставничкиот совет.**<br><br>**17. Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето** | Индивидуална, тимска | | Директор, психолог |

**Ф Е В Р У А Р И**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| **1.Советодавна работа со родители чии деца во I -то пол. покажа слаб успех.** | индивидуална<br>групна | одд.книги | родители<br>психолог |
| **2.Консултации со наставниците во II -во одд. за превземање мерки за подобрување на читањето кај учениците.** | разговор | тест | наставници |
| **3.Посета на часови од редовната настава во рамките на актив. на стручните ак.** | индивидуална | протокол | наставници |
| **4.Посета на часови за доп. нас.** | индивидуална | протокол | наставници |
| **5.Вклученост во активностите на реализацијата на училишни проекти.** | индивидуална<br>групна | проектни<br>документи | наставници<br>ученици |
| **6.Вклучување во работата на одд. заедници од VI-IX одд.** | разговор | планови | наставници<br>ученици |
| **7.Изработка на социометриски матрици и социограми за ученици по одд.** | индивидуална<br>групна | матрица | наставници<br>ученици |
| **8.Вклучување во реализацијата на часот на одд.рак. од VI-XI одд.** | индивидуална<br>групна | програма | наставници<br>ученици |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **9.Увид врз педагошката евиденција и документација и подготовка на Информација за среденоста на истата.**<br><br>**10.Присуство на состаноците на струч. органи на училиштето.**<br><br>**11.Следење на струч. литература**<br><br>**12.Посета на часови во одд. нас. за реализација на Прог. за ж. в.**<br><br>**13.Соработка со институции врзани работата на училиштето.**<br><br>**14.Водење на педагошка евиденција и документација за работата на училишниот педагог.**<br><br>**15.Сораб. со наставниците во врска со реализацијата на програмата за еколошка едукација .**<br><br>**16.Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето** | индивидуална<br><br>групна<br><br>индивидуална<br><br>индивидуална<br><br>индивидуална<br><br>индивидуална<br>групна<br><br>индивидуална<br>посета<br><br>индивидуална,<br>тимска | одд. книги<br><br>планови<br><br>стручна литература<br><br>днев. под.<br><br>акти<br><br>дневник<br><br>днев. подго. | наставници<br><br>наставници<br>психолог<br><br>наставници<br><br>директер<br>психолог<br><br>наставници<br><br>директор,<br>психолог |

**М А Р Т**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| **1.Активности со учениците од IX одд. во врска со професионалнот орента.**<br><br>**2.Посета на часови за доп.наста.**<br><br>**3.Консултации со одд.рак.за реализација на часовите за одд. заедница.** | индивидуална<br>групна<br><br>индивидуална<br>групна<br>разговор | анкета<br><br>протокол<br><br>програма | наставници психолог<br><br>наставници<br><br>наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **4.Советодавна работа со родители чии деца имаат проблеми со успехот.** | разговор | одд. книги | одд. н-ци |
| **5.Посета на часови од редовната настава во рамките на актив. на стручните активи.** | индивидуална групна | протокол | наставници психолог |
| **6.Соработка со учениците претсед. на одд. заедници од VI-IX од** | разговор | програма | ученици психолог |
| **7.Советода. работа со уч-те што имаат проблеми во успехот.** | разговор | одд. книги | ученици психолог |
| **8.Договор со наставници што внесуваат иновации во наставата.** | | | |
| **9.Вклученост во реализацијата на училишни проекти.** | разговор | стручна лит. | наставници |
| **10.Присуство на состаноци на стручните органи во училиштето.** | индивидуална групна | проектни документи | наставници психолог |
| **11.Посета на часови во одд. нас. за реализација на Прог. за ж. в.** | групна | програми | наставници психолог |
| **12.Соработка со институции врзани за работата на училиштето.** | индивидуална | днев. под. | наставници |
| **13.Водење на педагошката евид. и документација на уч.педагог.** | индивидуална групна | акти дневник | директор психолог |
| **14.Сораб. со наставниците во врска со реализацијата на програмата за еколошка едукација** | индивидуална посета | | наставници |
| **15. Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето** | индивидуална, тимска | днев. под. | директор, психолог |

**А П Р И Л**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| 1.**Присуство на состаноците на стручни органи на училиштето.** | групна | Програма | директор<br>психолог |
| **2.Подготвување на распоред за одржување на состаноци на одд.совети.** | индивидуална | распоред | директор |
| **3.Подготвување на Извештај за успехот и поведението на у-ците на крајот од III -то тромесечие.** | текст | анализа | наставници |
| **4.Консултации со н-ците за учениците што имаат слаби оценки.** | разговор | одд. книги | наставници |
| **5.Увид врз начинот на водење на педагошката евиденција и документација.** | индивидуална | одд. книги | |
| **6.Подготвување на Извештај за среденоста на педагошката евиденција и документација.** | индивидуална | извештаи | |
| **7.Посета на часови на одд. заед. .по барање на учениците.** | индивидуална<br>групна | програми | наставници<br>ученици |
| **9.Консултации со одд.раков. за реализација на часот на на одд. зае** | индивидуална<br>групна | програма | ученици |
| **10.Спроведување на анкета со у-ци од IX одд. во во врска со професионално ориентирање.** | групна | анкета | ученици<br>наставници |
| **11.Посета на часови во одд. нас. за реал. на Прог. за ж. в.** | индивидуална | днев. под. | наставници |
| **12.Присуство на часови за одд. настава и предметна настава во рамките на струч. активи.** | индивидуална<br>групна | протокол | наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13.Советодавна раб. со родители чии ученици имаат проблем со успехот. | индивидуална<br>групна | одд. книги | родители<br>наставници |
| 14.Вклученост во ак. на уч.проекти | индивидуална | проектна док. | |
| 15.Подготовки за упис на учениците во I -во одд. | групна | формулари | наставници |
| 16.Соработка со институции врзани за работата на училиштето. | индивидуална<br>индивидуална | акти | директор |
| 17.Водење на пед.евид. и док. на уч.педагог. | групна<br>индивидуална | дневник | психолог |
| 18.Сораб. со наставниците во врска со реализацијата на програмата за еколошка едукација . | посета | днев. под. | наставници |
| 19.Присуство на состанокот на Наставничкиот совет. | | | |
| 20. Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето | Индивидуална,<br>тимска | | Директор,<br>психолог |

**М А Ј**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| 1.Соработка со одд.рак. за проф. ориентација на у-ците од IX одд. | индивидуална<br>групна | информации | наставници<br>психолог |
| 2.Прием на деца во I одд. | индивидуална<br>групна | формулар | родители<br>психолог |
| 3.Учество во работата на Комисијата за екскурзии. | групна | понуди<br>програми | наставници |
| 4.Соработка со прет. на одд.заед. на VII и IX одд. за план. екс. | групна | понуди<br>програми | наставници |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5.Советодавна работа со родители чии деца се запишуваат во I -во одд.** | индивидуална | формулари | родители |
| **6.Учество во работата на состаноците на стручните органи на училиштето.** | индивидуална<br>групна | програми | директор<br>психолог |
| **7.Соработка со детските установи во врска со упис.на деца во I одд..** | индивидуална | изводи<br>Формулари | воспитачи |
| **8.Соработка со уч. амбуланта во врска со уписот на I -одделенците.** | договор | потврди мед. | лекари |
| **9.Советодавна работа со ученици што имаат слаби оценки.** | индивидуална<br>групна | одд. книги | наставници<br>ученици |
| **10.Посета на часови во одд. нас. за реализација на Прог. за ж. в.** | индивидуална | днев.под. | наставници |
| **11.Соработка со институции врзани за работата на училиштето.** | индивидуална<br>групна | акти | директор<br>психолог |
| **12.Водење на педагошка евид. и док.на училишниот педагог.** | индивидуална | дневник | |
| **13.Сораб. со наставниците во врска со реализацијата на програмата за еколошка едукација .** | посета | днев.под. | наставници |
| **14. Вклучување во активности во реализација на развојните цели на училиштето** | индивидуална,<br>тимска | | директор,<br>психолог |

**Ј У Н И**

| СОДРЖИНИ | МЕТОДИ, ФОРМИ (КАКО) | ИНСТРУМЕНТИ, УСЛОВИ (СО ШТО) | СОРАБОТКА (СО КОГО) |
|---|---|---|---|
| **1.Педагошко-инструктивна работа со наставниците за средување на педаг. евид. и док.** | индивидуална<br>групна | одд. кн.<br>гл. книги<br>сведителства | наставници |
| **2.Соработка со н-ци што организираат продолжна настава.** | индивидуален | списоци | |
| **3.Соработка со одд.рак.на IX одд. во врска со свеченото завршување на учениците на основ. училиште.** | групна | | наставници |
| **4.Соработка со Комисијата за екскурзии.** | групна | програми | наставници |
| **5.Косултации со н-ците за подгот вување на Годишниот извештај за работата на Училиштето.** | групна | тези | директор<br>наставници |
| **6.Учество во изготвувањето на Годишниот извештај за раб. на училишт** | групна | податоци | директор<br>психолог |
| **7.Изготвување на статистичкиот извештај за успехот и поведението на учениците на крајот од у..год.** | индивидуална | податоци | наставници |
| **8.Учество во планирањето на барања за набавка на нови наставни средства.** | групна | понуди | директор<br>психолог |
| **9.Планирање на распоредот на одржување на одд.совети на крајот на уч.год.** | индивидуална | распоред | |
| **10.Учество на состаноците на стручни органи на училиштето.** | групна | програми | директор<br>психолог |
| **11.Разговор со деца за упис во I - во одд.** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **13.Соработка со институции врзани за работата на училиштето.**<br>**14.Учество во активностите на проекти што се спроведуваат.**<br>**15.Водење на педагошка евид. на уч. педагог.**<br>**16. Анализа на реализацијата на програмата за еколошка едукација**<br>**17.Присуство на состанокот на Наставничкиот совет.** | Индивидуална<br>индивидуална<br>групна<br>индивидуална<br>групна<br>индивидуална<br>посета | формулар<br>акти<br>проектни док.<br>документација<br>днев.подг. | психолог<br>директор<br>психолог<br>наставници<br>ученици<br>наставници |

Август 2016 г.

Педагог

________________________

Крстевски Никола

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ
## ЗА УЧЕБНАТА 2016/2017 ГОДИНА

Психолог
**Кети Секуловска**

Битола, август 2016

## *ОПЕРАТИВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА*

## *НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ*

*за учебната 2016/2017 година*

Својата годишната програма училишниот психолог ја подготвува врз основа на:

- Законот за основно образование (Сл. весник 103 од месец август 2008 година, како и измените и дополнувањата кои се направени );
- "Основи за програмирање на воннаставната и воспитно-образовна дејност на основното училиште и на работата на стручните работници", 1998;
- Основи за планирање на содржините и организацијата на воспитно-образовната дејност на основното училиште, Скопје 2006 година;
- Годишниот извештај за работата на училиштето во учебната 2015/2016 година;
- Развоен план на училиштето за период 2015 до 2018 година;
- Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2016/2017 година.

Училишниот психолог во учебната 2016/2017 година својата работа ќе ја темели врз примената и реализацијата на одредбите од Закон за основно образование, а основната задача и цел на психологот како стручен соработник е унапредување на воспитно-образовната дејност во училиштето.

Активностите, воглавно, во оваа учебна година ќе се одвиваат:

- Идентификување на надарените и талентираните ученици со тестови и инструменти, споделување на податоците со наставниците со цел вклучување на истите во додатната настава.
- Активности со тимот за работа со талентирани ученици, според годишната програма на училиштето и акциониот план за спроведување на активностите.
- Реализирање состаноци и работилници за родителите, според законот кој го донесе МОН за школата за родители, како и редовно подготвување извештаи за спроведените активности.
- Групно советување на ученици кои покажуваат слаб успех во учењето, според законот, како и редовно подготвување извештаи за спроведените активности.
- Работа со ученици, родители и наставници за изнаоѓање начини и соодветни решенија за разрешување на лични и социјални проблеми со цел градење позитивна клима во училиштето и подобрување на успехот.
- Спроведување активности, според програмата, како член од училишниот тим за МИО (проект за меѓуетничка интеграција во образованието). Во тек ќе бидат активности за добивање сертификати на сите обучени и вклучени чинители.
- Учество во обуки за спроведување, координирање и следење на активности за реализација на развојниот план на училиштето.
- Учество во подготвување акциони планови за интегрирање на активностите во програмите на тимови во кои членува психологот во училиштето.

- Учество во планирање активности врз основа на резултатите од самоевалвацијата.
- Работа на професионалиот развој на наставниците:

-педагошки картон,

-педагошко досие и

-професионално досие на наставниците.

- Работа на професионалната орјентација со учениците од осмите одделенија, унапредување работата на кариерното катче, соработка со наставниците за насочување на теми од ОЖВ за помалите ученици кон професионално информирање и самопрепознавање, како и при реализацијата на програмите од изборните предмети.
- Учество во спроведувањето на екстерното тестирање на учениците, спроведено од МОН, како член од комисијата.

Покрај претходно наведените, работни задачи на психологот се да придонесува за приближување на наставата до современите текови и кон интересите на учениците, со што истата ги почитува индивидуалните интереси и мотиви, а која ќе биде силен поттик за учениците да бидат поактивни на часовите, со што се забрзува и нивното напредување според сопствените можности и интереси.

